safejournalists.net

# СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите 2022



# СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Показатели за степенот на слобода на медиумите и безбедноста на новинарите во 2022 година

Автори
Милан Спировски
Верче Тодоровска-Костовска

**Наслов**
Северна Македонија: Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите во 2022

**Издавач**
Здружение на новинарите на Македонија
Скопје, 2023

ЗДРУЖЕНИЕ
НА НОВИНАРИТЕ
НА МАКЕДОНИЈА

**Автори**
Милан Спировски и Верче Тодоровска-Костовска

**Лектор**
Маја Катарова-Апостолова

**Рецензентка**
Марина Тунева

**Насловна фотографија**
Андрија Вукелиќ

**Дизајн**
comma.rs

**Тираж**
50

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Здружението на новинарите на Македонија и на авторите и не ги одразува нужно гледиштата на Европската Унија.

# Содржина

**Вовед** 7

**А Правна заштита** 9

А1 Правни гаранции за слободата на медиумите и новинарите и нивна примена во праксата 9

А2 Ефектот на законите за клевета врз новинарите 13

А3 Заштита на политичкиот плурализам во медиумите 14

А4 Слобода на работа и на здружување на новинарите 15

А5 Заштита на изворите на информации 17

А6 Право на пристап до информациите 17

**Б Положбата на новинарите во редакциите** 20

Б1 Економски ограничувања во новинарската работа 20

Б2 Уредувачка независност во приватните медиуми 21

Б3 Уредувачка независност во јавниот радиодифузер 22

Б4 Уредувачка независност во непрофитниот сектор 23

Б5 Слободата на новинарите во процесот на продукција на вестите 24

Б6 Економска положба на новинарките 24

**В Безбедноста на новинарите** 26

В1 Статистика за безбедноста и за неказнивоста 26

В2 Однесување на државните институции и политичките актери кон заштитата на новинарите 28

В3 Однесувањето на граѓанскиот и кривичниот судски систем кон заканите и насилството врз новинарите 30

**Заклучоци и препораки** 35

ЗАКЛУЧОЦИ 35

ПРЕПОРАКИ 36

# Преглед и опфат на проектот

Здруженијата на новинарите од земјите од Западен Балкан, со поддршка на Европската комисија[1] формираа заедничка платформа Safejournalists.netnet за да ги следат промените во законодавството и практиката на своите земји и да се вклучат во различни активности за застапување насочени кон унапредување на политичкото, законодавното и институционалното опкружување во кое работат новинарите и медиумите. Почнувајќи од 2020 година, членовите на платформата ја следат состојбата во седум земји (Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Северна Македонија, Црна Гора, Косово[2] и Србија). Секоја година, проценката на состојбата се врши врз основа на стандардизирани методи за собирање и анализа на податоци[3] , додека фокусот на истражувањето за застапување е на промените и во традиционалното и во онлајн медиумското опкружување во земјите од Западен Балкан.

1 *Во декември 2019 година, Европската комисија го одобри тригодишниот проект Safejournalists.net, чија цел е зајакнување на националните новинарски здруженија во земјите од Западен Балкан за тие да станат успешни и одговорни независни актери во застапувањето за примена на стандардите на ЕУ во областа на медиумските слободи, со долгорочна цел за унапредување на правото на граѓаните на информиран избор. Оваа акција претставува надоврзување на претходниот проект (Регионална платформа за Западен Балкан за застапување за слободата на медиумите и безбедноста на новинарите), и е заснована врз знаењето и искуството изградено во периодот 2016-2018 година. Акцијата е поддржана од Програмата за граѓански организации и медиуми 2020-2022, Поддршка на регионални тематски мрежи на граѓански организации.*

2 *Ова име е без прејудицирање на статусот и е во согласност со Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на Обединетите нации и мислењето на Меѓународниот суд на правдата за Декларацијата и независноста на Косово.*

3 *Првото издание на Методологијата за ова истражување за застапување беше развиено во 2016 година и доусовршено во текот на годините за да ја рефлектира состојбата во земјите од Западен Балкан. Истражувањето за застапување го дизајнираа и го координираат Снежана Трпевска и Игор Мицевски, истражувачи на Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС од Северна Македонија. (www.resis.mk).*

# Методолошка белешка

Методологијата на истражувањето е составена од три групи индикатори развиени врз основа на систематска анализа на различни упатства произведени од релевантни меѓународни организации. Во текот на претходните години, првично развиените квалитативни индикатори беа рафинирани за да се опфати карактеристичниот социо-политички контекст на Западен Балкан и специфичните потреби и интереси на новинарите во седумте земји.

Беа применети низа различни истражувачки методи за собирање и анализа на податоци со цел да се одговори на индикативните прашања поврзани со секој специфичен индикатор:

- Осврт врз студии, анализи, извештаи од истражувања, документи за политики, стратегии и други документи;
- Квалитативна анализа на правни документи;
- Пребарување и анализа на информациите објавени на веб-страниците на јавните институции и други организации и тела;
- Пребарување и анализа на соопштенијата за јавноста, објави и други информации произведени од професионалните организации;
- Секундарни податоци собрани од здруженија на новинари;
- Длабински интервјуа со експерти, новинари, креатори на политики итн.;
- Анкети со новинари (во некои од земјите).

На национално ниво, новинарските здруженија номинираа национални истражувачи за да го спроведат собирањето на податоците и да напишат наративни извештаи, кои потоа беа разгледани од номинирани национални експерти и од водечките истражувачи. Во Република Северна Македонија, Здружението на новинарите на Македонија, како национални истражувачи ги номинираше Милан Спировски и Верче Тодоровска-Костовска, а Марина Тунева како експерт за медиуми, за да го рецензира извештајот.

*Табела 1: Показатели на степенот на слободата на медиумите и безбедноста на новинарите*

| **А. Правна заштита** | **В. Положбата на новинарите во редакциите** | **С. Безбедност на новинарите** |
|---|---|---|
| А1 Правни гаранции за слободата на медиумите и нивно спроведување во пракса | В1 Економски ограничувања на слободата на новинарите | С1 Статистика за безбедноста и неказнивоста |
| А2 Ефектот на законите за клевета врз новинарите | В2 Уредувачка независност во приватните медиуми | С2 Однесување на државните институции и политичарите кон заштитата на новинарите |
| А3 Заштита на политичкиот плурализам во медиумите | В3 Уредувачка независност во јавниот радиодифузер | С3 Однесување на кривичниот и граѓанскиот правосуден систем кон заканите и насилството врз новинарите |
| А4 Слобода на работа и на здружување на новинарите | В4 Уредувачка независност во непрофитниот сектор | |
| А5 Законска заштита на новинарските извори | В5 Слобода на новинарите во процесот на производството на вестите | |
| А6 Заштита на правото на пристап до информации | В6 Економска положба на новинарките | |

Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| ДИК | Државна изборна комисија |
| АВМУ | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| МРТ | Македонска радио-телевизија |
| ЗНМ | Здружение на новинарите на Македонија |
| ССНМ | Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници |
| МИМ | Македонски институт за медиуми |
| СЕММ | Совет за етика во медиумите на Македонија |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| МИА | Медиумска информативна агенција |
| ИРЛ | Истражувачка репортерска лабораторија |

# Вовед

Република Северна Македонија е парламентарна демократија, во која по секои парламентарни избори, владата ја формираат доминантно политичките партии од македонскиот и од албанскиот блок што освоиле најмногу гласови. Во 2022 година, на власт беше коалициската влада на СДСМ и ДУИ, кои освоија најмногу гласови на предвремените парламентарни избори во 2020 година. Според Пописот на населението и домаќинствата[4] спроведен во 2021 година, вкупното резидентно население на РСМ изнесува 1.836.713 жители. Според изјаснувањето за етничка припадност, 58,44 проценти од населението се изјасниле како Македонци, 24,30 проценти како Албанци, 3,86 проценти како Турци, 2,53 проценти како Роми, 0,47 проценти како Власи, 1,30 проценти како Срби и 0,87 проценти како Бошњаци и др. Според верската припадност, 46,14 проценти се православни, 32,17 проценти муслимани (ислам), 0,37 проценти католици, а помал процент се изјасниле како агностици или припадници на други верски групи и заедници. Во рамките на Пописот 2021 беше овозможено македонските државјани што живеат и престојуваат во странство повеќе од една година да се самопопишат преку веб-апликација, која беше достапна на веб-страницата за Попис. Оваа можност ја искористија 258.932 иселеници, од кои 24,55 проценти се изјасниле како Македонци, 66,42 проценти како Албанци, 4,78 проценти како Турци и др. Оваа категорија граѓани не влегува во вкупното резидентно население на Република Северна Македонија.

4 *Државен завод за статистика, Резултати од Пописот во 2021 година, пристапено на 21.11.2022 год. https://bit.ly/3HGSTsS*

И во 2022 година не се случија промени во поглед на очекуваните медиумски реформи, не беше избран ниту новиот состав на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ниту на Програмскиот совет на Македонската радио-телевизија. Се одложи и усвојувањето на измените и дополнувањата на Кривичниот закон[5] со кои се очекува да се зајакне заштитата на новинарите од закани и напади врз нив. Единствената позитивна промена во поглед на законското опкружување се случи во ноември 2022 година, кога во Собранието беа изгласани измените на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда[6] со кои се намалува висината на надоместокот за нематеријална штета за новинарите.

Медиумите сè уште трпат негативни последици од штетата предизвикана од пандемијата, и покрај владините мерки за поддршка (надоместоци за вработените, ослободување од даночни придонеси и придонеси за социјално осигурување и др.) од 2021 година. Според анализата на пазарот[7] на АВМУ за 2021 година, вкупните приходи во индустријата, во текот на годината изнесувале 2.644,83 милиони денари. Ова е највисок износ на вкупни приходи во последните пет години, но тоа се должеше на финансиската помош за справување со последиците од пандемијата со вирусот корона што државата ја издвои за комерцијалните медиуми (наменета за покривање на трошоците за надоместокот за дозволата за емитување, за покривање на трошоците за пренос на сигналот, субвенции за придонеси од платите на вработените и друго), како и на приходите што во оваа година комерцијалните радиодифузери ги оствариле од платено политичко рекламирање. Така, комерцијалните радиодифузери, во целина прикажале повисоки приходи отколку во претходната година. Истовремено, јавниот радиодифузен сервис располагал со помалку средства, дури и во споредба со претходната година.

На почетокот на 2022 година, програма емитуваа 44 комерцијални телевизии, 62 комерцијални радиостаници и четири непрофитни радиостаници. Во последните пет години, бројот на радиодифузери е намален за вкупно 24 – на почетокот на 2017 година, дозвола да емитуваат програма имаа вкупно 134 субјекти, а на крајот на 2021 година, 110 субјекти. Покрај комерцијалните и непрофитните радиодифузери, постои и јавен сервис – со 5 телевизиски и 3 радиски сервиси. Во секторот на печатени медиуми се објавуваа: 4 дневни весници (3 на македонски и 1 на албански јазик), 2 неделника и околу 11 други публикации. Работат и над 150 домашни дигитални медиуми. Новите технологии целосно ги променија навиките за читање и информирање на публиката. Речиси 80 проценти од публиката се информира на интернет.

Новинарите и медиумските работници и понатаму се економски несигурни, бројот на оние што имаат договори за вработување останува незадоволителен, а во приватните медиуми речиси и да не постојат колективни договори со кои се штитат нивните работнички права. Во текот на 2022 година се случија вкупно седум посериозни закани и напади врз новинари, од кои една смртна закана беше регистрирана онлајн. Од овие седум регистрирани закани и напади кон новинари и медиумски работници, за четири случаи имаше реакција од страна на регионалната мрежа Safejournalists.net.[8]

5 *Собрание на РСМ, Предлог на Закон за изменување и дополнување на Кривичниот закон. Пристапено на 17.11.2022.* https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=4448d2a8-7fc4-4fdc-9c2a-b43443de38c2

6 *Собрание на РСМ, Предлог на закон за граѓанска одговорност од клевета и навреда. Пристапено 22.11.2022.* https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=ed066dab-d258-4360-9560-6729d5a9fa23

7 *АВМУ, Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година, Скопје: 2021. Пристапено на 11.11.2022.* https://bit.ly/3BNQnxh

8 *Safejournalists.net – Регионални реакции за 4 случаи на закани и напади кон новинари и медиумски работници во 2022 година. Пристапено на 11,12,2022.https://safejournalists.net/напади-врз-новинари/?lang=mk*

# А

# Правна заштита

## А1 Правни гаранции за слободата на медиумите и новинарите и нивна примена во праксата

Дали е загарантирано правото на слобода на изразување и информирање? Дали тоа опфаќа и пристап до интернет? Дали овие правни гаранции се спроведуваат во пракса?

И Уставот и медиумските закони ги содржат сите основни гаранции за слободата на изразување и независноста на медиумите, вклучувајќи го и правото на пристап и слобода на изразување преку интернет. Општата оценка дека овие гаранции се применуваат во праксата повторно е позитивна, иако во 2022 година, бројот на напади и закани кон новинари и медиумски работници се зголеми од пет (регистрирани во 2021) на седум. Сепак, праксата на неказнивост продолжува, бидејќи случаите од претходните години не се решени, а и исходот на решени случаи на нови закани со правосилна пресуда е исклучително мал.[9] Позитивниот тренд го потврдува и Индексот на Репортери без граници[10], според кој во 2022 година, Северна Македонија беше за 33 места повисоко на оваа листа и се нај-

9 *Милан Спировски и Верче Тодоровска-Костовска, „Северна Македонија – Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите“, Скопје: 2020. Пристапено на: 14.11.2022.* https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2021/08/MK-MK-2020.pdf

10 *Репортери без граници, „Северна Македонија: Извештај на Репортери без граници за 2021 година“, Пристапено 17.12.2022.* https://rsf.org/en/north-macedonia

де на 57-то место, од вкупно 180 земји во светот. Но, еден од основните проблеми што ги нагласува извештајот на Репортери без граници е токму неказнивоста, односно неефикасноста на постапките за нападите врз новинари: „Иако новинарите не работат во непријателско опкружување, ширењето дезинформации и недостигот од професионализам придонесуваат за опаѓање на довербата на општеството во медиумите, што ги изложува независните медиуми на закани и напади.“

И во 2022 година, Собранието не ги спроведе најавените активности за избор и именување на раководните тела во МРТ и во АВМУ, и покрај редовно упатуваните критики и барања од страна на еснафските новинарски здруженија.

### Дали медиумските и другите закони важни за новинарите беа донесени низ транспарентен и инклузивен процес и во консултации со релевантните професионални организации?

Во ноември 2022 година, како иницијатива на група пратеници, на нетранспарентен начин беше повторно актуализиран предлогот за воведување на државното рекламирање, преку измени на членот 102 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[11]. Претходно, во текот на годината, во неколку обиди, владата на нетранспарентен начин иницираше слични измени на Законот, со цел повторно да се воведе државното рекламирање. Овие обиди наидуваа на редовна јавна критика[12] од еснафските новинарски и медиумски организации и експертите, со образложение дека повторното воведување на државното рекламирање уште повеќе ќе ги зацврсти финансиско-клиентелистичките врски меѓу приватните медиуми и власта, и дополнително ќе го наруши медиумскиот пазар. Во аргументацијата против државното рекламирање, во аудиовизуелните медиуми се нагласуваше и дека огромни износи јавни средства веќе се одлеваат во приватниот медиумски сектор за платената политичка програма во периодите на изборни кампањи. Освен влијанието врз независноста на медиумите, а со тоа и врз правото на информирање на граѓаните да бидат објективно и сеопфатно информирани, враќањето на платените владини кампањи, може да значи и манипулација со јавниот интерес преку кампањи што би се промовирале навидум како јавни, но во основа би се вршеле за партиско-политички цели на партиите што се на власт.

Речиси две години по изработката на предлог-измените на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда, процес во кој активно учествуваа членови на ЗНМ и дадоа свој придонес, тие беа усвоени од страна на Собранието во ноември 2022 година. Следната фаза е измените да се изгласаат од страна на пратениците на седница на Собранието. Но, предлог-измените и дополнувањата на Кривичниот закон, со кои се очекува да се постигне поголема заштита на новинарите и медиумските работници што влегоа во собраниска постапка во јули 2021 година, не беа усвоени од Собранието ниту во 2022 година. Од друга страна, во мај 2022 година, Министерството за правда најави дека во подготовка е нов нацрт-закон, кој беше поставен на ЕНЕР[13] и кој ќе ги содржи истите предложени измени, но до крајот на годината финална верзија од овој закон не беше јавно достапна. И покрај тоа што, на барање на ЗНМ, беше најавена јавна дебата за новиот текст на законот, до крајот на годината тоа не се случи. Во 2020 година, ЗНМ беше вклучено и консултирано при изработката на измените на овие два закона, но, и покрај тоа, останува суштинската забелешка дека процесот на измени беше бавен и без утврдена временска рамка за усвојување и за имплементација.

### Дали властите се обидоа да наметнат регистрација или други построги услови за основање печатени или онлајн-медиуми? Дали барањата одат подалеку од вообичаената деловна и даночна регистрација?

Во РСМ нема строги услови за основање печатен или онлајн-медиум. Печатените медиуми се предмет на минимална регулација со одредбите на Законот за медиуми, во поглед на основните обврски за јавност во работењето, заштитата на изворите на информации, заштитата на малолетниците, забраната за говор на омраза и повикување на насилство и неколку други обврски поврзани со внатрешната организација и потребните акти. Онлајн-медиумите воопшто не се опфатени со медиумската легислатива, односно нивните содржини се исклучиво предмет на саморегулација и се опфатени со други закони, како што е примерот со Кривичниот закон. Од декември 2019 година функционира Регистар

11 К. Блажевска, *„Раката што дава, не се суши: Се враќаат владините реклами!“, Дојче Веле, 16.11.2022 г. Пристапено на 21.12.2022,*

12 *ЗНМ, ССНМ, МИМ и СЕММ, Соопштение до јавноста: „Еснафските новинарски и медиумски организации се против легализирање на медиумската корупција преку враќање на кампањите во медиумите“, 8.4.2022 година, Пристапено на 21.12.2022. https://bit.ly/3iKPNKa*

13 *Нацрт-предлог на Кривичниот закон 4.5.2022 година – https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=74071*

на професионални онлајн-медиуми,[14] во кој на крајот од 2022 година имаше вкупно 154 членки. Покрај тоа, во февруари 2021 година, СЕММ усвои и Насоки за етичко известување на онлајн-медиумите[15], со кои на членките на Регистарот, но и на другите онлајн-медиуми им се даваат подетални насоки и препораки за примена на Кодексот на новинарите при онлајн-известувањето. Во втората половина на 2022 година, во организација на повеќе професионални онлајн-медиуми се одржа координативен состанок, на кој беа усогласени и нови правила за членството во Промедиа, Регистарот на професионални онлајн-медиуми. Целта на овие нови правила е, во пресрет на новоусвоените директиви и акти[16] за медиумите на Европската комисија и Европскиот парламент, да се стави поголем ред во онлајн-новинарството преку саморегулациски приод, процес што го поддржува и Европската Унија и од него очекува поголеми резултати.

### Дали властите се обиделе да го ограничат правото на пристап до интернет или да бараат блокирање или филтрирање содржини на интернет?

Во 2022 година, како и претходната година, немаше ниту еден регистриран или документиран случај, владата или друг државен орган да се обиде или да изврши блокирање или филтрирање интернет-содржина. Со ретки исклучоци, оценката и за оваа година е дека правото на слобода на изразување во интернет-просторот слободно се користи од страна на граѓаните, новинарите, медиумските и другите организации.

### Дали регулаторното тело ја извршува својата мисија и своите функции на независен и недискриминаторски начин? Дали процесот на доделување дозволи и другите регулативи за емитување се спроведуваат на фер и неутрален начин?

Како и претходната, и во 2022 година, ЗНМ нема документирано случаи врз основа на кои АВМУ би била оценета како тело што не е независно или што не постапува на фер и неутрален начин кон субјектите врз чие работење врши надзор. Во поглед на работењето на регулаторот, главна забелешка повторно му беше упатена на Собранието, кое, поради отсуството на политички консензус меѓу најголемите партии, сè уште не го спроведе изборот на членовите на новиот состав на Советот на АВМУ, иако мандатот на постојните членови е веќе одамна истечен. Тоа покажува дека обидите за политички влијанија врз работата на регулаторот сè уште се присутни.

### Дали постојат законски одредби што се однесуваат на државното огласување во медиумите и дали тие се злоупотребуваат за политичко влијание врз нивната уредувачка политика? Дали распределувањето на државните средства се прави на транспарентен, фер и недискриминациски начин? Дали државните институции редовно ги објавуваат податоците за сумите што се доделени на различни медиуми?

По долгогодишната негативна пракса на одвојување големи износи буџетски средства во приватните медиуми, со измените на членот 102 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од декември 2018 година, државното огласување во аудиовизуелниот сектор беше целосно забрането. Сепак, следните години, иако оваа забрана формално се почитуваше од страна на владата, на локално ниво, дел од општините и јавните претпријатија не ја почитуваа и доделуваа значаен дел од нивните средства на приватните локални медиуми, што негативно влијаеше врз нивната уредувачка независност. Паралелно со тоа, во минатите неколку години имаше неколку обиди од страна на владата, а под притисок на приватните телевизии на државно ниво, буџетски финансираните јавни кампањи повторно да се воведат. Само во 2022 година имаше два такви обида: првиот во мај, а вториот во ноември 2022 година. ЗНМ и другите новинарски и медиумски организации јавно реагираа при сите вакви обиди[17], со образложение дека тоа ќе влијае врз уредувачката независност на медиумите и ќе го засили клиентелизмот. Ставот на ЗНМ е дека треба да се најде начин да им се помогне на приватните медиуми, посебно кога финансиската криза е продлабочена, но тоа би требало да биде преку транспарентен и недискриминаторен механизам. Квалитетно и долгорочно решение, според ЗНМ, е создавање фонд, со кој ќе се поддржуваат содржини од јавен интерес, со кои се промовира регионалната и локалната разновидност, новинарски произ-

14 *Промедиа „Регистар на професионални онлајн-медиуми“ www.promedia.mk*

15 *СЕМ, „Насоки за етичко известување на инлајн медиумите“, Скопје:2021, Пристапено на 17.12.2022, https://www.semm.mk/dokumenti/korisni-resursi/kodeks/850-nasoki-za-etichko-izvestuvanje-na-onlajn-mediumite*

16 *Македонски институт за медиуми, „Нови правила на игра за медиумите во Европа“, Скопје: 2022. Пристапено на 17.12.2022. https://bit.ly/3GHCr9q*

17 *ЗНМ, ССНМ, СЕММ и МИМ, Соопштение до јавноста: „Не ни треба реприза со платените јавни кампањи во медиумите“, 4.5,2021, Пристапено на 9.11.2022 година. https://bit.ly/3BXrXju*

води, истражувачко и аналитичко новинарство, како и документарна, образовна и играна продукција. На тој начин би се поттикнало новинарството и продукцијата на нови содржини, а тоа ќе влијае и врз подобрувањето на статусот и примањата на новинарите и медиумските работници.

### Дали постојат медиумски субвенции или фондови за производство на медиумски содржини од јавен интерес и како тие се спроведуваат во пракса?

Владата на РСМ, во 2022 година, по четврти пат усвои Програма за поддршка за печатење и дистрибуција на печатените медиуми во висина од 20 милиони денари, што е значително помал износ во споредба со минатите три години.[18] Програмата се спроведува со цел да се поддржат печатените медиуми од општ и информативен карактер. За доделувањето на средствата одлучува комисија, во која, покрај претставници на надлежните институции, членуваат и по еден претставник на Асоцијацијата за заштита на националните печатени медиуми и на ЗНМ. Комисијата за 2022 година донесе одлука, врз основа на јасно дефинирани критериуми, а висината на одобрената поддршка е утврдена врз основа на доставените фактури за календарската 2021 година.

### Кои се механизмите за финансирање на медиумите на јазиците на заедниците?

Радио и ТВ-програми на јазиците на етничките заедници што живеат во РСМ се емитуваат во рамки на јавниот радиодифузен сервис, како и на програмските сервиси на приватните радиодифузери. На крајот од 2022 година, во радиодифузијата функционираа вкупно 43 телевизии и 64 радија[19]. Од нив, 19 ТВ и 13 радиостаници имаат пријавено програма на еден или на повеќе јазици на етничките заедници. Сепак, најчест јазик на кој се емитува програма е албанскиот јазик, додека помалите етнички заедници (Турци, Роми, Власи, Срби и Бошњаци) речиси немаат пристап до програмите на приватните телевизии и радија. Не постои механизам за финансиска поддршка на јазичната разновидност во радиодифузијата, ниту, пак, е изградена медиумска политика за решавање на овој проблем, што негативно се одразува врз медиумскиот плурализам во земјава.

18 *Влада на РСМ, „Програма за поддршка за печатење и дистрибуција на печатени медиуми за 2021 година“, Скопје: 2022. Пристапено на: 18.11.2022 година.* https://vlada.mk/node/31387

19 *АВМУ, Регистар на ТВ и радиски радиодифузери. Пристапено на 16.12. 2022.* https://avmu.mk/radiodifuzeri-mk/

### Дали самостојноста и независноста на јавниот радиодифузен сервис се загарантирани и ефикасно заштитени? Дали рамката за финансирање обезбедува негова независност и негово стабилно функционирање? Дали надзорните тела го претставуваат општеството во целост?

Во текот на 2022 година немаше никаков напредок во поглед на реформите на јавниот сервис. Неговата самостојност и независност се јасни барања во законската регулатива, но рамката на финансирање сѐ уште е услов за голема загриженост поради фактот што владата, сепак, има дискреционо право секоја година да процени дали на јавниот сервис ќе му го додели законски предвидениот процент од Буџетот. Телото што го врши надзорот врз јавниот сервис сѐ уште не е избрано на начин да го претставува општеството во целина, а изборот на новиот состав на ова тело, според новиот начин на избор предвиден со законот, не се случи ниту во 2022 година. Формална одлука нема, но измените на ЗААМУ од 2018 предвидуваат дека мандатите се продолжуваат сѐ додека не се изберат нови. Инаку, реформата на јавниот сервис беше едно од клучните прашања за кое се залагаше невладиниот сектор и беше поврзано првенствено со независното и одржливо финансирање на радиодифузерот, како и со потребата да се обезбеди негова независност преку изборот на новите членови на Програмскиот совет, кој врши надзор врз работењето на јавниот сервис во име на граѓанското општество. Финансирањето на МРТ беше темелно изменето во 2018 година, кога од радиодифузна такса (јавна давачка) се премина на фиксен процент од Буџетот на РСМ, со цел да се обезбеди долгорајно и стабилно финансирање. И покрај тоа, МРТ сѐ уште се соочува со финансиски проблеми поради задолженоста од претходните години, а и поради фактот што владата не ѐ ги исплаќаше целосно средствата според динамиката предвидена во законот.

Во ноември 2022 година, ЗНМ, заедно со Програмскиот совет на МРТВ, имаше заедничка реакција[20] во контекст на намалувањето на буџетот на националниот јавен сервис. Програмскиот совет при МРТ и ЗНМ информираа дека во Собранието на РСМ, во ноември се предложија измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со кои се предвидуваше намалување на годишниот буџет на МРТ. Овие измени беа предвидени да се усвојат по скратена постапка, на нетранспарентен начин

20 *ЗНМ, Соопштение до јавноста: „На нетранспарентен начин се крати буџетот на МРТ“ 19.11.2022. Пристапено на 18.12.2022.* https://bit.ly/3HMrGF3

и без вклученост на претставници на јавниот сервис, новинарската заедница и експертската јавност. Измените предвидуваа средствата од Буџетот наменети за финансирање на радиодифузната дејност, поконкретно за работењето и развојот на МРТ, Јавното претпријатие Македонска радиодифузија и АВМУ, да се намалат од 1 отсто на 0,9 отсто од реализираните вкупни приходи во годината што è претходи на фискалната година. Истовремено, се предвидуваше да се укине забраната за државно рекламирање утврдена во членот 102, што значи дека средствата во висина од околу пет милиони евра, наместо за развој на јавна радиодифузна дејност, би се прелеале кај приватните телевизии и радија за таканаречени кампањи од јавен интерес. Овој модел е на штета на МРТ и дополнително ја загрозува и така кревката финансиска состојба, во која јавниот радиодифузер опстојува повеќе години. Од друга страна, програмските обврски на МРТ се дури и зголемени со отворањето на 24-часовен канал на албански јазик и новите тематски сервиси (детски и спортски канал).

## А2 Ефектот на законите за клевета врз новинарите

### Дали одредбите од законите за клевета се премногу строги и дали ги заштитуваат државните функционери? Кои се главните недостатоци на овие закони?

Во ноември 2022 година, две години откако беше изработен предлогот, беа изгласани изменетите одредби на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета. Целта на предлозите на ЗНМ беше предвидените казни да се намалат, со цел да не влијаат негативно врз слободното и критичко новинарство. Законот ја гарантира слободата на изразување, а евентуалните ограничувања во случаите на повреда на угледот и достоинството се уредени во согласност со Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи (член 10) и практиката на Европскиот суд за човекови права. Главен недостаток на законот беше висината на надоместокот што судот можеше да го досуди на новинар, како компензација на нематеријалната штета предизвикана со навреда или клевета, но со усвоените измени, ваквиот ризик значително се намали.

### Колку тужби се покренати против новинари од страна на државни функционери, во текот на минатата година? Дали судските одлуки против новинарите се политички мотивирани? Какви се изречените казни?

Во последниве неколку години, со одделни исклучоци, тужбите за клевета и навреда не предизвикуваат притисок врз професионалното новинарство. Во 2012 година, на пример, кога ова дело беше декриминализирано, имаше дури 330 тужби[21], а во следните години, бројот значително се намали: во 2016 година имало 40, во 2017 година 39, а во 2020 година 33 предмети, во кои странка е новинар или медиум. Но, во 2022 година, според податоците добиени од Основниот граѓански суд Скопје, бројот на тужби за клевета и навреда се зголеми, така што вкупниот број активни предмети во кои странка е новинар или медиум порасна на 54, за разлика од 2021 година, кога изнесуваше 20. Сепак, во текот на годината, според податоците со кои располага ЗНМ, не е завршена ниту една постапка во која бил осуден новинар или медиум за навреда или клевета.

### Дали судовите го признаваат механизмот за саморегулација (доколку постои)? Дали ја прифаќаат валидноста на објавениот одговор, исправка или извинување?

Оценката за тоа дали судовите ги признаваат и ги прифаќаат одлуките на Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите е иста како и претходниве години. Според адвокатите што ги застапуваат новинарите во судските постапки за клевета или навреда, општа пракса е судиите да ги земаат предвид одлуките на Комисијата. Кон таквата пракса придонесува и фактот што самите адвокати се потпираат врз ваквите одлуки во текот на одбраната на новинарите.

*„Важно е Судот да ја прифати одлуката на саморегулаторното тело како аргумент за ублажување на штетата, особено кога новинарот или медиумот објавил извинување и повлекување на спорниот текст, што се уредува и со самиот Закон. Според тоа, Судот треба да го уважи тоа што со одлуката на саморегулаторното тело се ублажила штетата, односно се задоволиле личните права на оштетениот.“ Иван Брешковски, правен експерт и адвокат.*[22]

21 ЗНМ, „Анализа: Пресуди за клевети и навреди на судски предмети со новинари“, Скопје: 2018. Пристапено на: 24.11.2022. https://znm.org.mk/analiza-presudi-za-kleveti-i-navredi-n/

22 Иван Брешковски, правен експерт и адвокат, интервјуиран на 5.12.2022 година.

### Што мислат новинарите за Законот за клевета? Дали се обесхрабрени да истражуваат и да пишуваат критички?

Иако повеќето новинари се согласуваат дека тужбите за клевета и навреда повеќе се користеа како инструмент за притисок во минатото, сепак, и во 2022 година имаше такви обиди. Најкарактеристичен случај е тужбата од клиниката „Жан Митрев“ и докторот Жан Митрев кон редакцијата на ИРЛ и новинарите автори на истражувањето „Нечиста крв“, придружена со предлог до Судот за донесување привремена мерка, која вклучува бришење на објавите и забрана за дополнително известување додека трае судскиот спор. Откако правниот тим на ИРЛ, обезбеден со поддршка на ЗНМ, на 17 октомври 2022 година испрати одговор на тужбата и предлогот за привремена мерка, Судот го одби барањето за изрекување ваква мерка.

## А3 Заштита на политичкиот плурализам во медиумите

### Дали политичкиот плурализам во медиумите е регулиран во медиумското законодавство надвор од изборните периоди? Кои се обврските на јавниот сервис и на приватните радиодифузери во однос на политичкиот плурализам надвор од изборните периоди?

Не постои експлицитна обврска за заштита на „политичкиот плурализам“ во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што се однесува на редовното известување кога не е време на изборна кампања. Сепак, балансираното известување за различните политички гледишта е едно од начелата за вршење на дејноста уредени во членот 61[23]. Во периодот од распишувањето на изборите, па сè до формалниот почеток на изборната кампања, регулаторот се повикува на овие одредби, кога го следи известувањето на радиодифузерите. За јавниот сервис, оваа обврска е подетално уредена и во членовите 110[24] и 111[25].

### Дали регулаторното тело е должно да го следи и да го заштитува политичкиот плурализам надвор од изборните периоди?

Во општите надлежности на регулаторот се наведува и дека „се грижи за заштитата и развојот на плурализмот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги“, што подразбира дека ова тело повремено треба да го оценува и ваквиот аспект на медиумскиот плурализам. Регулаторот има усвоено во минатото посебен Прирачник за оценка на плурализмот во аудиовизуелните медиуми[26], но понови анализи за состојбата со политичкиот плурализам не се направени.

### Дали политичките партии и кандидати имаат фер и еднаков пристап до медиумите во периодот надвор од изборните периоди?

Во текот на 2022 година, не е спроведена или објавена ниту една анализа на политичкиот плурализам во аудиовизуелните медиуми, за вонизборен период. Сепак, во споредба со периодот до 2016 година, кога имаше видлив дисбаланс во известувањето на највлијателните телевизии во полза на партијата на власт, во последниве неколку години, вклучително и во 2022 година, општата перцепција е дека состојбата е подобрена.[27]

23 *Членот 61 од „Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“ го уредува начелото за „објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања“.* https://bit.ly/3NIjmaa

24 *Во членот 110 од „Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“ се утврдува обврската на јавниот сервис: „да обезбеди постојано, вистинито, целосно, непристрасно, праведно и навремено информирање, создавајќи и емитувајќи висококвалитетни програми за сите важни политички, економски, социјални, здравствени, културни, образовни, научни, религиски, еколошки, спортски и други настани и случувања…“.* https://bit.ly/3NIjmaa

25 *Членот 111, кој се однесува на стандардите и начелата при продукција или емитување на програмите на јавниот радиодифузен сервис, посветува неколку точки на прашањето на плурализмот и балансираноста во програмите на МРТ. Точка 2 им наложува на новинарите и уредниците на МРТ „да се придржуваат кон начелото на политичка избалансираност и плурализам на гледишта“.*

26 *АВМУ, „Прирачник за оценување на медиумскиот плурализам“, Скопје: 2012. Пристапено на: 24.11.2022.* https://bit.ly/3NEJBxT

27 *Дејан Георѓиевски од Центарот за развој на медиуми, интервјуиран на 19.11.2022.*

### Кои се законските обврски на медиумите за време на изборните процеси? Кое тело ги мониторира електронските и печатените медиуми?

Изборниот законик детално ги уредува обврските на јавниот сервис и на приватните аудиовизуелни медиуми во период на изборна кампања, а мониторингот врз спроведувањето на овие обврски го врши АВМУ. За сите радиодифузери важи обврската да го почитуваат принципот на пропорционалност, а за Јавниот сервис важат најсложени правила за структурата на вестите: 30 отсто прилози за дневни настани од државата и од светот, 30 отсто за активности на политичките партии од власта, 30 отсто за активностите на политичките партии од парламентарната опозиција и 10 отсто за активностите на политичките партии што не се претставени во Собранието. Покрај тоа, има и низа други обврски: за бесплатно медиумско претставување (за јавниот сервис), за дозволениот максимум и начинот на распределба на времето за политичко рекламирање, забрана за известување во време на изборниот молк, за начинот на објавување резултати од предизборните анкети и др. Одредбите за платеното политичко огласување се предмет на најголема загриженост, бидејќи политичките партии се рекламираат со средства од Буџетот, што ја загрозува независноста на уредувачката политика на медиумите. За потребите на изработка на едно истражување, ЗНМ во 2022 година достави барање до Државната изборна комисија (ДИК) за податоци во однос на тоа кои политички партии колку финансиски средства уплатиле на онлајн-медиумите за политичко рекламирање за време на локалните избори. Процесот беше отежнат, во смисла на тоа дека податоците што се од јавен интерес, првично не беа обезбедени, па преку искористување на законскиот механизам за приговор и жалба преку Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, информациите беа доставени до ЗНМ. Со отежнатиот пристап до податоци и наоди за високите суми што се одвојуваат за онлајн-медиумите, од кои во сегашноста дел и не постојат, се отвора сомнеж за наменско креирање на овој вид медиуми само за да бидат платени за политичка кампања, што се смета за системски недостаток.

### Дали политичките партии и кандидати имаат фер и еднаков пристап до медиумите за време на изборните процеси?

Во 2022 година, во земјава немаше изборен циклус, така што не може да се извлече оценка за оваа година. Но, според сознанијата од мониторингот на претходни изборни циклуси,[28] граѓаните во целина добиваат многу голем обем разновидни информации за сите учесници во изборите. За време на кампањата на локалните избори во 2021 година, отстапувања биле забележани главно кај приватните радиодифузери, кои не ги примениле соодветно принципите на еднаквост за кандидатите за градоначалници и на пропорционалност за кандидатите за општински советници. Треба да се нагласи и дека постојат објективни ограничувања за медиумите во примената на овие принципи со толку голем број кандидати.“[29]

## А4 Слобода на работа и на здружување на новинарите

### Дали новинарите мора да бидат лиценцирани од страна на државата за да можат да работат? Дали имало обиди за воведување дозволи од страна на државата во текот на минатата година?

Новинарската професија не подлежи на лиценцирање, а немало ниту обиди на државата за воведување какви било услови за некој да може да работи како новинар. Одредбите од Законот за медиуми се веќе застарени, особено во поглед на ограничувачката дефиниција на поимот новинар.[30]

### Дали новинарите биле одбиени да известуваат од одредени места или настани бидејќи немале акредитација?

Во 2022 година не беше забележан случај новинар да биде спречен или одбиен да известува од некој настан, поради тоа што немал акредитација или друг документ. Но, има случаи, претставници на јавни институции да одбиваат да им даваат информации на новинарите или да им го „отежнуваат“ известувањето од важни настани. Таков случај во 2022 година е

28 *АВМУ, „Преглед на поведени прекршочни постапки од АВМУ за локалните избори 2021 година“, Скопје: 2021. Пристапено на: 24.11.2022 година.* https://avmu.mk/lokalni-izbori-2021/

29 *АВМУ, „Преглед на поведени прекршочни постапки од АВМУ за локалните избори 2021 година“, Скопје: 2021. Пристапено на: 24.11.2022 година.* https://avmu.mk/lokalni-izbori-2021/

30 *Во членот 2 од „Законот за медиуми“, поимот новинар се дефинира како „лице што собира, анализира, обработува или класифицира информации објавени во медиумите и е вработено во медиумите или има договор за работа со нив, или лице што реализира новинарски активности како независна професија (слободен новинар)“.* https://bit.ly/35unYiP

однесувањето на судијка кон новинарот Кристијан Ландов, кој бил дојден да известува за јавно судско рочиште. „Новинарот Кристијан Ландов, во ноември 2022 година, бил на новинарска задача во Граѓанскиот суд во Скопје, за да известува од главна расправа за агенцијата Макфакс и медиумот А1он.мк. Пред почетокот на судската расправа, судијката Тодорова му ја побарала новинарската легитимација на Ландов, и откако било утврдено дека е уредно издадена од работодавачот, тој седнал во делот определен за јавност. Кога судијката завршила со евидентирање и на другите присутни, со висок тон побарала од него да не снима, да го затвори компјутерот и да ја напушти судницата. Ландов одговорил дека не снима и дека има намера само да пишува белешки на компјутерот за да може точно да пренесе делови од јавната расправа. Судијката повторно му се обратила со висок тон, со зборовите: „Нема што вие да фаќате забелешки, судот води записник, не вие. Собирајте сè!“.[31] За овој случај, новинарот Ландов, со поддршка на ЗНМ, поднесе претставка до Судскиот совет за однесувањето на судијката.

### Дали и како новинарите се организирани во професионални здруженија? Дали има притисоци врз нивното здружение или врз некој од членовите?

Во текот на 2022 година немаше никакви пречки, ниту притисоци врз новинарските здруженија. Новинарите се слободни да се организираат во свои здруженија. ЗНМ е водечко новинарско здружение, кое работи уште од 1946 година и е членка и на Меѓународната федерација на новинари и на Европската федерација на новинари. ЗНМ е масовна организација, во која членуваат 1.111 членови, а на изборното собрание одржано на 3 декември 2022 година, учествуваа 485 редовни членови со право на глас, што е рекорден број на присутни членови со право на глас на статутарен настан во историјата на работењето на ова здружение.

### Дали и како новинарите се организираат во синдикати? Дали има притисоци врз лидерите на синдикатот и врз другите членови? Дали новинарите слободно може да пристапуваат во синдикатите?

Во текот на 2022 година немаше сериозни притисоци врз претседателството на Самостојниот синдикат на новинарите и медиумските работници на Македонија ССНМ и тоа да биде јавно одбележано; ССНМ останува единствениот национален синдикат, кој ги обединува новинарите и медиумските работници во Македонија. Сепак, беа регистрирани одделни притисоци врз раководството и врз членови на ССНМ, поврзани со зачленувањето на новинарите во синдикатот, но и со ставот на ССНМ против укинувањето на забраната за државното рекламирање во приватните аудиовизуелни медиуми. ССНМ е формиран во 2010 година и е полноправен член на Меѓународната федерација на новинари (која ги обединува новинарските синдикати од целиот свет), како и на Европската федерација на новинари. ССНМ обединува новинари, видео и фотоновинари, но и други медиумски работници што се вклучени во процесот на продукција на содржини. Во моментов ССНМ брои над 300 активни членови, но бројката варира.

### Дали постои Совет за етика во медиумите и како е организирано ова тело? Дали има притисоци врз претставниците на советот за етика?

Саморегулаторното тело – СЕММ постои од декември 2013 година. Во него, врз доброволна основа, членуваат медиумите и професионалните медиумски организации. Членките на СЕММ се должни да се придржуваат кон Кодексот на новинарите на Македонија и кон одлуките на Комисијата за жалби при ова тело. СЕММ и ЗНМ, во 2019 година го формираа Регистарот на професионални онлајн-медиуми, со цел да се подигне професионалноста и квалитетот на известувањето во онлајн-медиумите.[32] СЕММ не се соочува со сериозни јавни притисоци, со исклучок на околностите во кои се случувала непримерна јавна комуникација од страна на менаџери на некои поголеми национални телевизии. Заради одржливост и стабилност на долг рок, на ова тело сè уште му е потребна силна поддршка од професионалната медиумска заедница, државата и меѓународната донаторска заедница. При ЗНМ функционира и Совет на честа, како внатрешен саморегулаторен механизам, кој го следи почитувањето на Кодексот на новинарите од страна на новинарите членови на ЗНМ.

31 *ЗНМ, Соопштение до јавноста „Претставка до Судски совет за повреда на правото на колегата Кристијан Ландов да известува од судско рочиште“, 15.11.2022 година, https://bit.ly/3Wg9pEM*

32 *Правилата за зачленување на интернет-порталите во Регистарот се достапни на https://www.semm.mk/chlenstvo/pravila-za-chlenstvo*

## А5 Заштита на изворите на информации

**Како се гарантира доверливоста на новинарските извори со закон? Под кои услови може да биде ограничено правото на заштита на изворите?**

Заштитата на новинарскиот извор е загарантирано и детално уредена во Уставот на РСМ и во неколку закони: Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, Кривичниот законик и Законот за заштита на укажувачите. Во последните неколку години, вклучително и во 2022 година, одредбите од овие закони се почитуваа, односно ЗНМ немаше забележано случаи на новинарите да им се ограничува правото на заштита на изворите.

**Дали има примери кога биле изречени санкции против новинари што одбиле да го откријат идентитетот на своите извори?**

Како во текот на изминативе две години, така и во 2022 година не е регистриран ниту еден случај на барање од новинарите да го откријат изворот, ниту, пак, на нивно санкционирање поради тоа што одбиле да го соопштат неговиот идентитет. Последен таков случај беше забележан во 2019 година[33].

**Дали новинарите можат слободно да пристапуваат и да остваруваат контакти со изворите на информации?**

Во текот на 2022 година немало пријави во ЗНМ, во врска со евентуални притисоци врз новинарите, во врска со откривање на нивните доверливи извори, а новинарите што работат на истражувачки текстови се чувствуваат слободни во контактирањето со изворите. Но, бројот на вработени поединци што пријавуваат случаи на корупција до надлежните органи и до новинарите сѐ уште е мал, иако Законот за заштита на укажувачите[34] ги гарантира правата на укажувачите и го уредува заштитеното пријавување. Во таа смисла, новинарските извори се охрабрени и институционално се подобро заштитени, но поради притисоци и страв за работното место, луѓето ретко се осмелуваат да го користат овој механизам.[35]

## А6 Право на пристап до информациите

**Кои се законските правила за пристап до официјални документи и информации што се релевантни за новинарите? Дали новинарите ги користат овие правила? Дали институциите ги почитуваат правилата, без одлагање?**

Со измените на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, од мај 2019 година, се намалија роковите за одговор на институциите на барањата за пристап до информации, што беше особено важно за новинарите почесто да го користат овој закон во своето работење. Одредбите на овој Закон најчесто ги користат новинарите што работат во областа на истражувачкото новинарство, но и тие се жалат дека институциите честопати не ги почитуваат роковите, а некогаш и содржината на доставените информации не соодветствува на барањето упатено до нив[36].

Заклучно со 19 декември, до Агенцијата за заштита на слободниот пристап до информации од јавен карактер имало поднесено 327 жалби од баратели на информации, од кои 25 биле од новинари, што потврдува дека одредбите од овој Закон сѐ уште малку се користат од новинарите. Сепак, новинарите што се занимаваат со истражувачко новинарство нагласуваат дека, за разлика од порано, службениците на Агенцијата искажуваат многу повеќе разбирање и им нудат помош на новинарите при користењето на Законот.[37]

33 *Станува збор за обвинението поднесено против новинар на порталот Инфомакс за објавување записник од активен случај во Обвинителството, во врска со што ЗНМ реагираше, нагласувајќи дека „Обвинителството не треба да ги гони оние што ги објавиле документите, туку личноста што имала пристап до службени тајни и ги изнела и ги дала на медиум... бидејќи вакviте судски прогони, дополнително можат да создадат негативен ефект врз слободата на говорот и да поттикнат самоцензура кај новинарите...“*

34 *Закон за заштита на укажувачите“, 2016. Пристапено на: 9.11.2022. https://iuj.gov.mk/wp-content/uploads/2021/05/Zakon-za-zashtita-na-ukazuvachi.pdf*

35 *Според Извештајот за работењето на Државната комисија за спречување корупција во 2021 година биле доставени само 8 пријави од укажувачи за сомневања или сознанија за незаконски или недозволенми поведенија во различни институции. Пристапено на: 26.12.2022 година. https://dksk.mk/wp-content/uploads/2021/12/DKSK-Infografik-2021-01-scaled.jpg*

36 *Бојан Стојановски, новинар во ИРЛ, интервјуиран на 23.12.2022 година*

37 *Ибид.*

### Дали властите се транспарентни, генерално? Дали обезбедуваат отворени, недискриминациски и фер релации со медиумите или повеќе сакаат да работат во тајност? Дали државните институции им даваат привилегиран третман на медиумите што им се политички наклонети?

И во 2022 година, генералната перцепција на повеќе експерти, новинари и организации е дека состојбата со транспарентноста на институциите е подобрена во споредба со периодот пред 2016 година. Сепак, одделни истражувања на граѓанскиот сектор укажуваат на тоа дека одредени државни институции не се доволно транспарентни, а особено е мала т.н. активна транспарентност кај институциите на локално ниво.[38]

Во насока на поконкретни одговори на овие прашања, за потребите на овој извештај се спроведени интервјуа со новинари, при што потенцирано е дека во последнава година, забележителен е тренд на избегнување или недавање конкретни одговори од страна на претставници на одредени јавни институции на новинарски прашања. Со незадоволителната достапност на информации од јавен интерес, новинарите и медиумските работници се доведуваат во состојба на самоцензура.

### Колку Владата и министерствата се отворени за јавноста?

Во директни контакти со новинарите, во текот на изминатава година, како и од спроведени интервјуа со неколку новинари за потребите на ова истражување, тие генерално оценуваат дека транспарентноста во 2022 година била унапредена за разлика од претходните години, но загрижува трендот на избегнување, односно необезбедување конкретни одговори од страна на некои институции. Се оценува дека транспарентноста на Владата на РСМ е подобрена, во однос на другите државни институции, но се појавува нова состојба, кога на поставени новинарски прашања на прес-конференции до одредени јавни институции, тие да избегнат да одговорат или воопшто не даваат конкретни одговори. Таков случај за кој ЗНМ јавно реагираше[39] е настанот кога генералниот секретар на Град Скопје, Глигоров, во своето обраќање пред новинарските екипи, дал куса изјава со која ги обвини приватните превозници за политичка блокада на градот и на крајот не сакаше да даде одговори на новинарски прашања, со образложение дека имал други обврски.

*38 Фондација за интернет и општество Метаморфозис, „Индекс на на отвореност на локалната самоуправа за 2022 година“, Скопје:2022. Пристапено на 26.12.2022 година. https://metamorphosis.org.mk/aktivnosti_arhiva/objaven-indeks-na-otvorenost-na-lokalnata-samouprava-za-2022-godina/*

*39 ЗНМ, Соопштение до јавноста „Функционерите мора да одговараат на прашањата на новинарите“, 7.12.2022 година. Пристапено на 28.12.2022. https://bit.ly/3PZKCCc*

### Дали судовите се транспарентни? Дали медиумите имаат пристап до судските постапки без дискриминирање и без непотребни ограничувања?

Во рамки на активностите на ЗНМ, во 2022 година изработено е истражување за ставовите и перцепциите на новинарите за транспарентноста на правосудството во Северна Македонија. Според добиените резултати од истражувањето[40], се нотира дека правосудството е поотворено и потранспарентно отколку пред пет години, но, сепак, тоа не е доволно. Но, исто така, се нотира и дека овие придвижувања во позитивна насока не се должат на систематско подобрување, донесена стратегија или спроведена реформа во смисла на зголемување на транспарентноста и јавноста на правосудството, туку тоа повеќе се должи на лична одлука на поединци заради зголемување на степенот на транспарентност во работата на институциите што ги претставуваат. Резултатите од истражувањето, исто така, упатуваат на тоа дека повеќе се води сметка за овозможување формална отколку суштинска транспарентност во правосудството. Квалитетот на сегашната правна рамка недоволно придонесува за оптимална транспарентност и за отвореност на правосудниот сектор. На барање на Министерството за правда на РСМ, во март 2021 година, Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) достави предлог за измени на Судскиот деловник[41], кој е од важност за непречена работа на новинарите и навремено и точно информирање на јавноста за работата на судовите. За предлогот претходно беа направени консултации со судии и претставници на ова Министерство, како и со новинарите што известуваат за работата на судовите. Предложените измени се однесуваат на транспарентноста на работата на судовите, пристапот на новинарите до судските списи и судските рочишта, како и подобрување на квалитетот на информациите објавени на веб-страниците на судовите. ЗНМ укажа и на потребата од формирање регистар на портпароли на правосудните институции, кој би требало да е јавно достапен на веб-страниците на судовите и на веб-страницата www.sud.mk.

Според информациите од комуникацијата со новинарите, изминатава година, судовите во Скопје имаат значително поголема транспарентност во споредба со судовите во внатрешноста.

40 ЗНМ, „Ставови и перцепции на новинарите за транспарентноста на правосудството во Северна Македонија ", Скопје:2021, Пристапено на: 18.12.2022. https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/09/Studija_MK_10092022-1.pdf

41 ЗНМ, Соопштение до јавноста: „ЗНМ со конструктивни предлози за подобрување на Судскиот деловник", 18.03.2021. Пристапено на: 28.11.2022. https://bit.ly/36QyOA6

### Дали е обезбеден пристап на јавноста до собраниските седници? Дали постојат ограничувања за новинарите да ја следат собраниската работа?

Новинарите што известуваат од Собранието не се целосно и најобјективно информирани од страна на координаторите на пратеничките групи, кои немаат воспоставено пракса на редовно информирање на новинарите за реализирањето на планираните активности, особено за несогласувањата меѓу власта и опозицијата или, пак, меѓу претседателот на Собранието и одредена пратеничка група. Новинарка што ја следи оваа проблематика, во интервју за потребите на овој извештај оцени дека состојбата со транспарентноста на Парламентот е подобрена, но има уште многу детали што треба да се опфатат за да се постигне ефикасна и ефективна комуникација со координаторите на пратеничките групи во Собранието, во интерес на јавноста[42]. Општата перцепција меѓу новинарите е дека во последниве години, Собранието е потранспарентно од претходно, иако честопати се случува да се одолжува доставувањето на бараните одговори. Претседателот на Собранието продолжи да одржува редовни брифинзи со новинарите, со цел тие да бидат во тек со работата на законодавниот дом и со неговите планови за работа. Но, новинарите и јавноста се информираат тогаш кога пратениците ќе одлучат дека „политичките препукувања" треба да излезат во јавност и кога ќе решат да организираат прес-конференции[43].

42 Алмедина Исмајли, новинарка од ТВ21, интервјуирана на 23.12.2022 година.

43 ЗНМ, „Транспарентноста на Собранието на Република Северна Македонија за време на пандемијата со корона", Септември, 2021. Пристапено на 18.12.2022. https://bit.ly/3tV9zFM

# Б

# Положбата на новинарите во редакциите

## Б1 Економски ограничувања во новинарската работа

Колку новинари имаат потпишано договори за работа? Дали имаат соодветна социјална заштита? Колку се високи платите на новинарите? Дали се исплаќаат редовно?

Според последните истражувања на ССНМ, младите новинари и оние што се ангажирани во дигиталните медиуми во земјава, најчесто работат со нерегулирани работни договори. Во услови на здравствена и економска криза во последните години, овој проблем сè повеќе се појавува на површина, особено во случајот со здравственото осигурување. Во државава сè уште не постојат прецизни податоци за тоа колку новинари имаат договори за работа, но општата оценка е дека многу новинари во приватните медиуми, главно, имаат договори на определено време или хонорарни договори. ССНМ, во свое истражување[44] за економската положба на новинарите и медиумските работници, утврди дека 56,1 отсто од испитаниците новинари се редовно вработени на неопределено време, 19,1 отсто се вработени на определено време, 10,4 отсто работат со договор на дело, 12,2 отсто се ангажирани хонорарно, а 0,9 отсто се изјасниле дека работат волонтерски. На прашањето колку се задоволни од примањата и од нивната еко-

44 *ССНМ, „Безбедносната и социо-економската состојба во медиумите“, Скопје: 2022. Пристапено на 23.12.2022. https://bit.ly/35uxWR7*

номска сигурност, повеќе од половината новинари (56,7 %) се изјасниле дека се незадоволни. Притоа, 31 отсто се целосно незадоволни, а 25,7 отсто се главно незадоволни. Целосно задоволни се само 2,7 отсто, а главно задоволни 22,4 отсто. Тоа потврдува дека и во 2021 година, голем дел од новинарите и медиумските работници имаа исклучително несигурен работен статус. Од почетокот на пандемијата во 2020 година, повеќето медиуми ги намалија платите на новинарите и медиумските работници, а голем број новинари се жалат и на тоа дека, како и претходните години, не им се исплаќа надоместокот за пензиско и социјално осигурување.[45] Најголем дел од новинарите имаат месечни примања далеку под просечната плата во земјава, која во 2021 година изнесуваше 28.869 денари. Но, платата, на најголемиот дел од младите новинари, според анкетата на ССНМ[46], не ја достигнува ниту оваа сума. Шест отсто од анкетираните млади новинари одговориле дека добиваат помалку од 25.000 денари, а дури 27 отсто од нив се платени помеѓу 15.000 и 20.000 денари. Останатите 12,9 отсто одговориле дека нивната плата е од 25.000 до 30.000 денари, односно 24,6 отсто дека имаат плата повисока од 30.000 денари. Нешто подобра е состојбата во јавниот сервис, каде што просечната плата на новинарите во 2020 година изнесувала 38.120 денари, иако се смета дека платите на новинарите, особено тие што не се почетници, се пониски од платите на новинарите во националните приватни телевизии.[47]

Какви се условите за работа на новинарите? Кои се најголемите проблеми со кои се соочуваат на работното место?

Дел од новинарите, како и дел од медиумските работници, и натаму работат прекувремени работни часови што не им се плаќаат, а работат без надомест и за време на празници и викенди. На дел од новинарите, работењето во услови на пандемија, која беше актуелна во изминативе години, дополнително им го отежна извршувањето на професионалните задачи, особено на тие што беа изложени на стресни ситуации при известувањето од здравствените установи и болниците. За потребите на овој извештај, спроведено е и интервју со новинар, каде што на прашањето за предизвиците со кои се соочуваат на работното место, истакна дека избегнувањето, односно недавањето одговор на новинарски прашања е голем проблем, кој води кон самоцензура.[48]

45 *Ферикан Илјази, новинарка од Еуроњуз, интевјуирана на 23.12.2022 година.*

46 *ССНМ, „Анкета: Со плата под просекот, пола од младите новинари сакаат да ја напуштат професијата“, Скопје: 2021. Пристапено на 21.12.2022 година https://bit.ly/3K9EIQH*

47 *Особено загрозена категорија новинари се дописниците на МРТ, кои се помалку на број и имаат главно договори за привремен ангажман, кои можат да бидат лесно раскинати. Во ноември 2019 година беше објавен оглас за хонорарно ангажирање на десет дописници, што е напредок за МРТ, иако ЗНМ се залага за поинаков модел, со кој системски и трајно би се решила состојбата на оваа категорија новинари. Види повеќе: ЗНМ, „Документ за јавни политики: Статус и потреба на дописниците во Република Северна Македонија“, Скопје: 2019. Пристапено на: 14.12.2022. https://bit.ly/3eIOYNd*

## Б2 Уредувачка независност во приватните медиуми

Дали приватните медиуми имаат усвоено организациски документи што овозможуваат редакциите да бидат одвоени и независни од менаџерските и маркетиншките структури? Дали приватните медиуми имаат воспоставено правила за уредувачка независност од сопствениците на медиумите и од органите на управување? Дали тие правила се почитуваат?

Во поголемите медиуми е вообичаено редакциите да се одвоени од менаџерските структури. Кога се работи за помалите локални медиуми, состојбата е уште пословена, односно притисоците се изразени на поинаков начин и доаѓаат и од сопствениците, и од локалните моќници. Од директната комуникација со новинарите во изминатава година, може да се заклучи дека вакви акти ретко постојат. Не постојат објавени податоци или прегледи од кои може да се утврди колкав број приватни медиуми имаат внатрешни организациски акти или правила, според кои, уредничкиот колегиум е и формално одвоен од менаџментот на медиумот.

Дали редакциите на приватните медиуми имаат донесено внатрешни етички кодекси или се придржуваат кон општиот етички кодекс?

ЗНМ не располага со податоци за тоа дека приватните медиуми имаат креирано свои посебни етички кодекси или правила. Единствениот кодекс што важи за сите професионални новинари е Кодексот на новинарите на Македонија, усвоен во 2001 година[49],

48 *Мирослава Бурнз, новинарка, интервјуирана на 23.12.2022 година*

49 *ЗНМ, „Кодекс на новинарите на Македонија“. https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/*

кој е основа за постапување и на Советот на честа на ЗНМ и на Комисијата за жалби при СЕММ. СЕММ неодамна изработи насоки за етичко известување на онлајн-медиумите,[50] односно насоки за примената на Кодексот на новинарите во онлајн-сферата.

**Кои се најчестите форми на притисок на сопствениците на медиумите и менаџерите врз редакциите или новинарите? Кој беше најилустративниот пример на притисок од страна на медиумските сопственици или управителите во медиумите врз редакција или новинар во текот на минатата година?**

Во минатата година немаше ниту еден отворен судски случај каде што новинар тужи раководно лице за мобинг, и, исто така, нема ниту правосилна пресуда за вакво дело. Од друга страна, поврзаноста меѓу сопствениците на одделни медиуми и центрите на моќ, честопати е на штета на новинарите што работат во овие медиуми. ЗНМ нема конкретни сознанија за извршен притисок од страна на менаџментот кон новинари во текот на 2022 година, но факт е дека новинарите ретко ги пријавуваат таквите случаи. Притисоците најчесто не се изразени како директни закани. Новинарите не ги тужат уредниците и медиумските сопственици кога се прекршуваат нивните права.

## Б3 Уредувачка независност во јавниот радиодифузер

**Дали јавниот радиодифузен сервис има усвоен кодекс за однесување на новинарите и за уредувачка независност? Дали новинарите се придржуваат кон овој кодекс?**

Јавниот сервис во земјава, уште од 2017 има усвоено Етички кодекс за новинарите[51], кој се однесува за креативните кадри и сите вработени во МРТ. Кодексот, кој е речиси шест години во сила, уште од почетокот наиде на критики од новинарската заедница поради содржината на документот, но и поради отсуството на транспарентност при неговата изработка. Најголемиот недостаток на Кодексот претставува мешањето на новинарската етика со работната дисциплина и со правата и обврските на новинарите што произлегуваат од работните односи. Етичката комисија при МРТ, која е надлежна да го следи почитувањето на Кодексот, немала примено ниту една поплака во изминатиот период. ЗНМ во 2021 година побара измена на Етичкиот кодекс на МРТ и утврдување процедури за поднесување претставки и за начинот на работа на Комисијата за етика, кои би се објавувале на веб-страницата на МРТ. Иако од комуникација со менаџментот на МРТ генерално постои расположение за измена на овој кодекс, сепак конкретни активности во 2022 година на оваа тема нема. Во ноември 2022 година, ЗНМ и МРТ потпишаа Меморандум за соработка, при што двете страни се обврзаа во следните неколку години да реализираат постојани обуки за професионализација и постојано надградување на стандардите во работењето на вработените во МРТ, како предуслов постојано да се подигнува квалитетот на содржините, унапредување на етичките стандарди, но и на градење на капацитетите на МРТ.

**Дали телата на јавниот радиодифузен сервис имаат поставено внатрешни организациски правила, со цел да ја заштитат независноста на редакциите од влијанието на управните тела? Дали се почитуваат тие правила?**

Како и за минатите години, и за 2022 година може да се каже дека не се направени очекуваните темелни промени во внатрешната структура на јавниот сервис, кои требаше да бидат дел од процесот на медиумските реформи. МРТ ги има усвоено своите внатрешни организациски акти, според кои, редакциите се и формално одвоени од управувачките структури. Сепак, на веб-страницата на МРТ тешко можат да се пронајдат информации за правилата во внатрешната организациска поставеност и за работењето на нејзините органи и тела.

**Кои се најчестите форми на притисок што ги применува власта врз редакциите или индивидуалните новинари во јавниот радиодифузен сервис?**

Во барањата за медиумски реформи, повеќепати беше потенцирано дека е потребна департизација на јавниот сервис, односно избор на нов независен Програмски совет и нови раководни органи. И во изминатава 2022 година, такви промени во насока на избор на нов Програмски сервис не се случија. Средствата за финансирање на радиодифузната дејност, за работењето и развојот на МРТ, јавното

50 *СЕММ, „Насоки за етичко известување на онлајн-медиумите - Примена на Кодексот на новинарите во онлајн-сферата“, Скопје: 2020. Пристапено на: 26.11.2022.* https://bit.ly/2RRdYZP

51 *МРТ, „Етички кодекс на МРТ за новинарите, креативните кадри и за сите вработени во МРТ“, Скопје: 2017. Пристапено на: 12.12.2022.* https://bit.ly/3uL62ZC

претпријатие Македонска радиодифузија и АВМУ се обезбедуваат од Буџетот на РСМ во висина од 0,8 отсто до 1 отсто од реализираните вкупни приходи во годината што претходи на фискалната година за која се утврдува износот. Средствата се распоредуваат на следниов начин: 74,5 отсто за МРТ, за покривање на трошоците за создавање и емитување на програмите и за техничко-технолошки развој, 19,5 отсто за ЈП Македонска радиодифузија за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа и 6 отсто за АВМУ. Дополнителен извор на средства за финансирање на МРТ се донации, продажба на програма и услуги, како и други средства. Во изминатите неколку години Владата на сметката на МРТ префрлаше помалку средства отколку што е законски предвидено, со што се доведува во прашање обезбедувањето на соодветно, сигурно и стабилно финансирање на јавниот сервис.

## Б4 Уредувачка независност во непрофитниот сектор

### Дали медиумите од непрофитниот сектор имаат усвоено кодекс за однесување на новинарите и за уредувачка независност? Дали новинарите се придржуваат до овој кодекс?

Дел од информативните непрофитни онлајн-медиуми се регистрирани како здруженија на граѓани и досега нема спроведено сеопфатна анализа за нивната работа и за статусот и независноста на новинарите во нив. Неколку онлајн-медиуми што се финансираат доминантно или во целост од донатори и се занимаваат со истражувачко новинарство, како и едно радио што емитува содржини за млади на интернет, спаѓаат во групата непрофитни онлајн-медиуми. Непрофитни медиуми се и трите студентски радија што функционираат во рамки на трите државни универзитети (универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола и универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип), како и едно верско радио во Струмица. Редакциите на овие медиуми се мали и вклучуваат неколку новинари, кои работат на дневна основа, а финансирањето им е нестабилно и неодрживо. Не постои посебен кодекс за однесување на новинарите во непрофитниот сектор, но во декември 2020 година, СЕММ усвои насоки за етичко известување на онлајн-медиумите[52], кои, всушност, подетално ја разработуваат примената на основните етички принципи на Кодексот на новинарите во онлајн-сферата. Покрај тоа, СЕММ и ЗНМ формираа Регистар на професионални онлајн-медиуми[53], во кој веќе во оваа година членуваат 154 онлајн информативни медиуми, вклучувајќи ги и непрофитните. Најголемиот дел од овие медиуми го имаат прифатено или се однесуваат според Етичкиот кодекс и според Насоките за етичко известување во онлајн-медиумите, за чие спроведување се грижи СЕММ.

### Кои се најчестите форми на притисок врз медиумите во непрофитниот сектор? Кој е најилустративниот пример за притисоците врз медиумите во непрофитниот сектор?

Иако притисокот кон непрофитните медиуми, од кои дел се занимаваат со истражувачко новинарство, е намален во споредба со периодот до 2016 година, кога новинарите и уредниците од овие медиуми честопати беа дискредитирани и грубо напаѓани во јавноста поради критичките текстови кон тогашната власт и моќници, перцепцијата е дека овие две години се зголемува. Оттука, пример за притисок кон непрофитен медиум во изминатава година е случајот со Истражувачката репортерска лабораторија[54], на која со тужба ѝ се закани сопственикот на приватната клиника „Жан Митрев“, откако беше емитувана сторијата во која се споменува неговата инволвираност за злоупотреба на македонските граѓани во здравствената криза со употреба на медицински методи што не биле одобрени од властите во државава. Судската постапка за овој случај е сè уште во тек пред Кривичниот суд во РСМ. Ваквите тужби се познати како стратешки тужби за спречување јавно учество (SLAPP) и имаат цел да ги заплашат и финансиски да ги исцрпат тужените новинари или медиуми. Кога се иницирани од политичари и од носители на јавни функции или од лица, кои со својот статус во општеството можат да влијаат врз текот на постапката, како и на нејзиниот исход, овие тужби можат да предизвикаат страв и самоцензура кај новинарите, а со тоа и нарушување на правото на граѓаните да бидат информирани. Во изминатава година, ЗНМ има регистрирано пет вакви примери на SLAPP тужби, кон ИРЛ за своите истражувачки стории.

52 *СЕММ, „Насоки за етичко известување на онлајн-медиумите“. Пристапено на: 9.11.2022 https://bit.ly/3tg60bx*

53 *Регистар на професионални онлајн-медиуми во Република Северна Македонија https://promedia.mk/*

54 *ИРЛ, Соопштение до јавноста: „Жан Митрев бара судот да забрани ИРЛ да известува за „Нечиста крв“, 17.10.2022, Пристапено на: 10.12.2022 https://bit.ly/3Vd377h*

## Б5 Слободата на новинарите во процесот на продукција на вестите

**Колкава слобода имаат новинарите во изборот на новинарски стории на кои ќе работат и во одлучувањето за тоа кои аспекти од една сторија треба да бидат нагласени? Колку често новинарите учествуваат во уредувањето и координирањето на редакциската политика?**

Според изјавите на соговорниците во интервјуата, спроведени за потребите на овој извештај, најголемиот дел од новинарите, во текот на 2022 година имале слобода при изборот на темите за кои ќе известуваат.[55] Сепак, изборот на темите за известување во регионалните и во локалните медиуми е поголем проблем за новинарите поради малата средина во која функционираат овие медиуми, поради воспоставените клиентелистички врски на сопствениците со градоначалниците и други локални моќници, како и поради лошата финансиска состојба во која се наоѓаат овие медиуми. Во последно време, отворено се зборува и за влијанието на дел од уредниците врз новинарите, со тоа што се нагласува дека влијанието врз секојдневното работење не е толку видливо, односно дека има повеќе самоцензура отколку директни притисоци.

**Каква е перцепцијата на самите новинари во однос на тоа колку им влијаат различни извори на влијание? Дали новинарите се подложни на самоцензура поради стравот да не ја загубат работата или поради други притисоци?**

Кај новинарите е доминантна перцепцијата дека во редакциите однапред се знае кои теми се прифатливи, односно кои теми уредникот ќе ги оцени како одлични, а кои ќе ги отфрли. Новинарите и медиумските работници велат дека најголем проблем претставува фактот што на сопствениците на медиумите тоа не им е основен бизнис. Најчесто, во заднина на медиумот постојат други фирми, кои, пак, се врзани со тендери со министерства и институции и од тој аспект постојат табу-теми за одредени медиуми. Таквата состојба е особено изразена во локалните медиуми. Во контекст на тоа, на спроведено интервју со новинарка за потребите на овој извештај, истакнато е дека во последнава година, како фактор што придонесува за цензура за новинарите во своите текстови е недавањето одговори на новинарски прашања од страна на институциите во државата. Класичен пример на избегнување одговори на новинарски прашања беше со советникот во Општина Охрид Нефи Усеини, кој на телефонски поставените прашања од страна на новинарка, тој возвратил со дрски навреди и пцости, а освен тоа не дал никаков одговор на новинарските прашања што се од јавен интерес.[56] Ваквиот непримерен и во најмала рака агресивен однос од страна на јавни функционери од локалната самоуправа во земјава доведува до страв и до самоцензура кај новинарите и медиумските работници во државава.

## Б6 Економска положба на новинарките

**Дали новинарките работат во полоши работни услови, во споредба со нивните колеги новинари? Дали потпишуваат договори за работа исто толку често како и новинарите?**

ЗНМ и ССНМ немаат регистрирано случај на пријава од страна на новинарки за дискриминација на работното место во текот на изминатава година. Општа оценка е дека положбата на новинарките во редакциите не се разликува многу од положбата на новинарите. И покрај тоа што е многу мал бројот на новинари и новинарки што имаат потпишано работни договори, се смета дека работодавачите, генерално, кога станува збор за новинарки вработени на неодредено време, ги почитуваат основните права што им се пропишани со законот, какви што се исплатата на плати, породилното отсуство и платениот одмор. Сепак, факт е дека родовата дискриминација и неповолната позиција на жените, во споредба со таа на мажите, на работното место честопати не се препознава од страна на самите новинарки.

**Дали жените се на водечки позиции во редакциите исто како и мажите?**

Според укажувањата на новинарите и медиумските работници во изминатава година, генерално, можностите на жените да се развијат како професионал-

55 *Зенел Мифтари, новинар од Коха и Симона Србиноска, новинарка од МИА, интервјуирани на 23.12.2022*

56 *ЗНМ и ССНМ, Соопштение до јавноста: „ ЗНМ и ССНМ најостро ги осудуваат навредите од советникот во општина Охрид Нефи Усеини кон колешката Емилија Мисирлиевски“, 28.6.2022. Пристапено на 18.12.2022. https://bit.ly/3GU6ACK*

ни новинари и да напредуваат во кариерата не се многу помали во споредба со можностите на своите колеги новинари. Според анализата на регулаторот ААВМУ, вкупниот број вработени во индустријата[57] на крајот на 2021 година изнесувал 2.449 лица, поголем дел од вработените во комерцијалните телевизии биле мажи, односно биле вработени дури 365 повеќе мажи од жени, а во целата индустрија биле вработени вкупно 2.449 лица. Во јавниот сервис работеле 685 лица, во комерцијалните телевизии околу двојно повеќе 1.377 лица, а во комерцијалните радиостаници 387 лица. Од лицата вработени во редовен работен однос, најголемиот дел биле со високо образование, односно 329 лица. Од овие, половина биле новинари (165 лица). Средно образование имале вкупно 266 лица, од кои 115 лица биле вработени како реализатори. Од друга страна, има медиуми како МИА (Медиумска информативна агенција) и ИРЛ, каде што „жените се побројни од своите колеги новинари, а имаат и значајна водечка улога во редакцијата".

### Колкави се нивните плати во споредба со платите на колегите новинари? Дали новинарките трпат специфични притисоци на родова основа во редакциите и надвор од нив?

Од причина што во 2022 година нема анализа што би можела да обезбеди јасни и прецизни информации, според податоците со кои располага ЗНМ, во 2021 година, мнозинството новинари и медиумски работници примале плата од 15.000 до 20.000 денари. Според последната објавена анализа на ССНМ[58], просечната нето-плата на новинарите во изминатите две години била 350 евра. Тоа значи дека 70 проценти од новинарите во Македонија добиваат месечна плата под просечната. Според податоците на Државниот завод за статистика[59], просечната месечна исплатена нето-плата по вработен, во ноември 2021 година, изнесувала 29.130 денари. Платите на новинарите се разликуваат во зависност од позицијата на новинарот, а нема разлика дали станува збор за мажи или жени.

Во случаи на известување за сензитивни теми, новинарките трпат навреди и омаловажувања, кои го уриваат нивниот личен и професионален углед, со квалификации што се однесуваат единствено на жените, во пејоративно значење, засновани врз предрасуди и родови стереотипи. Станува збор за појава што индиректно се одразува врз нивната професионална иднина и врз нивниот приватен живот. Се смета дека онлајн-вознемирувањето, заканите и притисоците почесто им се случуваат на жените. Иако не постојат прецизни статистички податоци дали новинарките и медиумските работнички се поизложени на напади, притисоци, вознемирувања и уцени, сепак се чини дека нашето опкружување е сѐ уште такво, што новинарките можат да трпат и поголеми навреди, за разлика од своите колеги, само поради фактот што се жени. Со упатените коментари и/или со пораки поретко се критикува нивниот професионален резултат, за разлика од физичкиот изглед, приватниот живот итн.[60] Најчесто овој тип проблеми е поврзан со цврсто втемелените патријархални родови улоги во општеството, но и со недостиг од јасни правила, процедури, интерни акти во самите медиуми, кои ќе отворат пат и ќе поставaт насоки за обезбедување родова еднаквост.

57 *АВМУ, „Структурата на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2021 година" Скопје: 2021. Пристапено на: 13.11.2022 https://avmu.mk/wp-content/uploads/2022/09/Struktura-na-vrabotenite-vo-audio-i-audiovizuelnata-mediumska-industrija-vo-2021-godina.pdf*

58 *ССНМ, „Новинарите и медиумските работници со плата далеку под просечната", Скопје: 2020. Пристапено на: 12.12.2022. https://bit.ly/3tltpkd*

59 *Државен завод за статистика, „Соопштение: Просечна месечна исплатена нето-плата по вработен, јануари 2022 година". Пристапено на: 12.12.2022 https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=40*

60 *ЗНМ, „Безбедност на новинарите и медиумските работници - реалност или континуирана закана", Скопје:2022. Пристапено на 12.12.2022. https://bit.ly/3j52Nut*

# В

# Безбедноста на новинарите

## В1 Статистика за безбедноста и за неказнивоста

Според регистарот на ЗНМ, од почетокот на 2022 година регистрирани се вкупно 7 напади и груби закани кон новинари[61]. Во споредба со минатата година, кога беа регистрирани вкупно 5, оваа година бележиме повторен пораст на нападите и заканите кон новинари и медиумски работници. Но, новинарите и медиумските работници сѐ уште се чувствуваат несигурни поради инертноста на обвинителството и судството во решавањето на минатите случаи на напади. Кога обвинителството ќе застане зад правата на новинарите, на долг рок сметаме дека би се намалил бројот на инциденти и дека безбедноста генерално би се подобрила на некое друго ниво. Потребни се системски решенија што ќе гарантираат долгорочна заштита на правата и интегритетот на сите медиумски работници во земјава. Фактот дека бројот на напади е зголемен, покажува дека степенот на неказнивост, кога станува збор за напади кон медиумски работници, во Македонија, сѐ уште, за жал, останува многу висок и не остава простор за неажурност на институциите.

Во периодот од 2019 до 2022 година, во регистарот на ЗНМ се забележани вкупно 30 напади на новинари и медиумски работници, од кои во 2019 година се забележани четири, во 2020 година 14, во 2021 година пет напади, а во 2022 бе-

61 *Од вкупно 7 напади во 2022 регистрирани во Регистарот на напади на ЗНМ, за 4 напади има регионална реакција од страна на safejournalists.net регионалната мрежа https://bit.ly/3QQ6SPm*

*Табела 2. Број на забележани напади врз новинари во 2022 година*

| Категории | Број | Опис |
|---|---|---|
| **Закани и малтретирања што не се однесуваат на физичката безбедност на новинарите**<br>Оваа категорија закани и малтретирања вклучува:<br>– надзор или следење;<br>– вознемирувачки телефонски повици;<br>– произволно судско или административно вознемирување;<br>– агресивни изјави од јавни службеници;<br>– други форми на притисок што можат да ја загрозат безбедноста на новинарите при извршувањето на нивната работа;<br>Овие видови закани не вклучуваат мобинг и насилство во работната средина. | 2 | – Вербален напад и упатени погрдни зборови кон новинарката Маја Јовановска на барање да одговори на прашање од раководителот на Одделението за урбанизам во општината Маврово Ростуше, Садредин Елезоски.<br>– Вработени во дирекцијата на Комунална хигиена Скопје, против волјата на двајцата новинари Фуркан Салиу и Авни Тахири ги задржале во просториите на институцијата. |
| **Закани по животот и физичката безбедност на новинарите**<br>Овој тип закани вклучуваат:<br>– закани за убиство на новинари, пријатели на новинари, членови на нивното семејство или извори на информации;<br>– закани за физички повреди на новинари, пријатели на новинари, членови на нивното семејство или извори на информации;<br>Овие закани можат да бидат:<br>– директни или преку трети лица;<br>– испратени по електронски пат или директно лице в лице;<br>– имплицитни, но и експлицитни. | 2 | – Експлицитната смртна закана упатена кон новинарот Фуркан Салиу на социјалната мрежа Твитер.<br>– Во средното училиште „7 Март“„новинарот Невриј Адеми, додека чекал да сними прилог со директорот на ова училиште, од страна на непознато лице му бил одземен мобилниот телефон и му бил турнат микрофонот. Веднаш потоа, истото лице, користејќи груб речник, се обидел да го истурка новинарот надвор во училишниот двор. |
| **Реални напади врз новинари**<br>Видовите реални напади врз новинари може да вклучуваат сторена физичка или ментална повреда, киднапирање, влегување во домот или канцеларијата, запленета опрема, произволен притвор, неуспешен обид за атентат и сл. | 3 | – Физички напад со секира кон новинарот НевријАдеми и сниметелот Збулим Максути.<br>– Физички напад пред куќата на сопственикот на порталот од страна на две маскирани лица.<br>– Вербален и физички напад врз сниметелот Љубиша Игнатов од страна на Миле.П, сопственик на куќата каде што живее Олександр Онишченко |
| **Убиства на новинари**<br>Убиства во вкрстен оган, атентати, убиства во експлозија на бомба, претепување до смрт итн. | 0 | |
| **Закани и напади врз медиуми и новинарски организации** | 0 | |

лежиме бројка од седум напади кон новинари и медиумски работници. Повторно и во 2022 година бележиме пораст на бројот на напади врз новинари, од вкупниот број на 7 напади регистрирани за оваа година, четири се физички напади и незаконито задржување против своја волја, а другите три се вербални напади и закани[62]. Карактеристично е тоа што бројот на напади врз новинарите е зголемен, како и тоа што е зголемен бројот на физички напади. Во последниве 15 години, органите не воделе истрага за убиство на новинар или медиумски работник во државава.

Во првата категорија напади – Закани и малтретирања што не се однесуваат на физичката безбедност на новинарите, спаѓа случајот на вербален напад врз новинарката Маја Јовановска[63] од ИРЛ. Екипа на ИРЛ, по средба со неколку лица вработени во Општина Маврово и ЈП Национален парк Маврово, повеќепати го контактирале и раководителот на Одделението за урбанизам во општината, Садредин Елезоски, кој одбил да се сретне со новинарите. Иако, според информациите на Јовановска, по повикот што го остварила со Садредин Елезоски, која му објаснила дека сѐ уште очекуваат одговори на прашањата испратени уште на 4 април, тој упатил навреди и погрдни зборови кон новинарката, закануваjќи се со зборовите: „Пази се од денес. Ќе видиш ти што ќе ти се случи ако дојдеш тука.“

*62 Ибид.*

*63 ЗНМ, Соопштение до јавноста: „Остра осуда за заканите кон новинарката на ИРЛ“ Скопје: 3.6.2022, Пристапено на 18.12.2022. https://bit.ly/3BOEMhe*

Вториот случај е за новинарите Фуркан Салиу и Авни Тахири[64], на кои со одземање на нивната опрема и незаконито задржување против нивна волја, сериозно им биле прекршени новинарските права. Овој скандалозен настан се случил во просториите на јавното претпријатие на „Комунална хигиена – Скопје“. Во овој инцидент, службеничка, која се претставила како одговорна за односи со јавност, по претходна вербална расправа со двајцата новинари, на колегата Салиу му го одзела телефонот и одбивала да му го врати. Истовремено, тројца членови на обезбедувањето од Дирекцијата на „Комунална хигиена – Скопје“, против волјата на двајцата новинари, ги задржале во просториите на оваа институција и тие биле ослободени дури откако пристигнале припадници на МВР, кои дошле набргу по претходна пријава од новинарот Тахири.

Во категоријата закани по животот и физичката безбедност на новинарите регистрирани се два напади врз новинари. Во првиот регистриран напад се работи за експлицитна смртна закана упатена кон новинарот од ТВ Клан, Фуркан Салиу, од страна на твитер-профил именуван како „@narco_girl“. Споменатиот профил, во својата објава наведува „Посакувам залутан куршум од вчера да завршеше во главата на Фуркан Салиу“ и таа претставува директен повик за убиство кон новинарот Салиу, со што се загрозува неговата безбедност. Вториот регистриран напад од оваа категорија е нападот врз новинарот Неврij Адеми во тетовското училиште „7 Март“. Тој додека чекал да сними прилог со директорот на ова училиште, од страна на непознато лице му бил одземен мобилниот телефон и му бил турнат микрофонот. Веднаш потоа, истото лице, користејќи груб речник, се обидел да го истурка новинарот надвор во училишниот двор. Во категоријата *реални напади* врз новинари, регистрирани се три напади на новинари и новинарски екипи, што е значително поголема бројка во споредба со минатата година. Како прв е регистриран нападот во Тетово врз новинарската екипа на ТВ Полог, во состав на новинарот Неврij Адеми и сниматeлот Збулим Максутина. Имено, за време на снимањето инсерти за репортажа од основното училиште „Наим Фрашери“ во селото Ѓурѓевиште, Општина Врапчиште, Гостиварско, новинарот Неврij Адеми и сниматeлот Збулим Максути, вербално, а потоа и физички со секира биле нападнати од страна на едно лице. Новинарската екипа успеала да побегне и веднаш со автомобил се упатиле кон полициската станица за да го пријават делото, а за тоа време напаѓачот ги следел со автомобил.

Вториот регистриран напад од оваа категорија е нападот што се случил во Битола, врз Зоран Божиновски, сопственикот на порталот „Буревесник“. Тој, според неговите изјави, доцна во ноќта бил нападнат пред својата куќа од страна на две маскирани лица и притоа му се нанесени тешки телесни повреди. Последен регистриран напад во оваа категорија е нападот врз екипата на ТВ 24. Тие, додека снимале прилог, пред куќата во која, според избирачкиот список живее Олександр Онишченко, сопственикот на куќата, физички го нападнал снимателот Љубиша Игнатов откако прво упатил пцости и погрдни зборови кон новинарската екипа. Трендот на обесхрабрување на новинарите за пријава на напади е сè уште присутен и во 2022 година.

## B2 Однесување на државните институции и политичките актери кон заштитата на новинарите

### Дали постојат посебни одредби во законите или други механизми што обезбедуваат заштита на новинарите, офлајн и онлајн?

Со новите измени и дополнувања во Кривичниот законик се очекува да се прошири надлежноста на обвинителството да постапува по службена должност за кривични дела поврзани со напади и закани кон новинари и да се зголемат казните кон напаѓачите.[65] Предлогот подразбира нападите, без разлика дали станува збор за новинар или за медиумски работник, обвинителството по службена должност да ги гони сторителите, а истовремено сторителите ќе се соочуваат со повисока казна затвор и ќе се гонат по службена должност, а не по приватна тужба како досега (член 14 од предлог-измените што се однесува на членот 144 од Кривичниот законик). За Основното јавно обвинителство (ОЈО), тоа ќе претставува олеснителна околност, бидејќи ќе може да ги гони сторителите на напади врз новинари по службена должност, како и за другите службени лица. Ова е особено важно бидејќи новинарите ретко се решаваат самите да тужат при физички напад или при закана по нивниот живот, поради стравот од реперкусии од страна на заканувачите и сторителите на нападите, како и поради високите финансиски трошоци при водењето на постапката. Измените се влезени во прво читање во Собранието. Следува

64 *ЗНМ, Соопштение до јавноста: „Малтретирани новинари од страна на службеници во Комунална хигиена – МВР итно да реагира“, 8.8.2022. Пристапено на 17.12.2022.* https://bit.ly/3PEBgf8

65 *ЗНМ, Соопштение до јавноста:„Драматичен пораст на напади кон новинарите - бараме итни решенија“, 2.11.2022. Пристапено на: 12.12.2022* https://bit.ly/3fg9nbG

второ читање во соодветната Комисија, со што сè уште трае рокот за поднесување амандмани.

Со донесување на измените во КЗ, во случај на загрозување на безбедноста при вршење новинарска дејност, без разлика дали станува збор за новинар или медиумски работник, обвинителството по службена должност ќе ги гони сторителите, а истовремено сторителите ќе се соочуваат со повисока казна затвор. Откако би се усвоило тоа, ситуацијата на долг рок би била подобрена.

Во однос на нацрт-текстот од актуелниот Кривичен закон, ЗНМ, учествувајќи со свој претставник во работната група, изработи амандмани за новиот КЗ што треба да го изгласаат пратениците во Собранието. Според амандманите, нападот врз новинари ќе се смета за напад на службено лице. Тие значат системско решавање на проблемите поврзани со безбедноста на новинарите, на долг рок. Министерството за правда имаше политичка одлука, предложените измени од ЗНМ и Синдикатот да ги усвои, да ги проследи до Владата, а таа до Собранието.

Амандманите беа поднесени во јули 2021 година. За жал, и покрај лобирањето кај партиите, нема надеж дека предлозите на ЗНМ, односно новиот Кривичен законик, ќе бидат донесени за брзо време. Сепак, фактот што обвинителството се подготвува да постапува поефикасно во насока на заштитата на новинарите, ЗНМ ова го смета како позитивен чекор.

### Дали постојат механизми за мониторинг и известување за закани, малтретирање и насилство врз новинарите? Дали државните институции објавуваат ажурирани податоци за нападите врз новинари и за неказнивоста?

Министерството за внатрешни работи има интерен регистар за напади врз новинари, но тие податоци не ги објавува јавно, и покрај тоа што ЗНМ неколкупати има укажано на таквата потреба. ЗНМ на своја иницијатива и барање, ги добива овие податоци по директно испратено барање до Министерството. ЗНМ води сеопфатен и детален регистар на напади и закани кон новинари, кој редовно се ажурира и е јавно достапен на веб-страницата на здружението.[66]

### Дали постојат документи (протоколи, правилници итн.) усвоени од страна на државните институции, кои обезбедуваат насоки наменети за војската и полицијата, во кои се забранува малтретирање, заплашување и физички напади врз новинарите?

И во 2022 година, како и досега, војската и полицијата немаат усвоени внатрешни документи што ги насочуваат своите припадници како да се однесуваат кон новинарите и што забрануваат закани, заплашувања или напади врз новинари.

Во 2022 година, на иницијатива на ЗНМ беше формирана работната група, која кон почетокот на 2023 година ќе промовира Протокол за спречување на кршење на правата на новинарите (особено на новинарките) преку интернет, развиен преку процес на вклучување и консултации со претставници на медиумите/новинарите и медиумските работници, претставници на релевантни владини институции и академската заедница. Работната група е составена од членови на ЗНМ, еден член на Министерството за внатрешни работи, Правниот и Факултетот за безбедност во Скопје и други експерти релевантни за изработката на Протоколот. Целта на протоколот ќе биде воспоставување функционален механизам за поголема безбедност и спречување на кршење на правата на новинарите (особено на новинарките) преку интернет, и заедно со измените и дополнувањата на Кривичниот закон ќе придонесе кон дополнително афирмирање и сензибилизирање на надлежните за прашањето за безбедноста на новинарките во онлајн-просторот во земјава. Во декември 2022 година изработена е нацрт-верзија на протоколот, која е испратена на мислење во Министерството за внатрешни работи. ЗНМ, оваа година издаде и публикација со наслов „Подобрување на соработката меѓу новинарите и полициските органи со цел поголема отчетност и транспарентност“.[67]

66 *ЗНМ, „Итно е потребна системска заштита на медиумските работници/чки“ , Скопје: 2021 Пристапено на: 12.12.2022* https://bit.ly/3Au0yoP

67 *ЗНМ, „ Подобрување на соработката меѓу новинарите и полициските органи со цел поголема отчетност и транспарентност“, Скопје:2022, Пристапено на 18.12.2022.* https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/12/MK_Podobruvanje-na-sorabotkata-megu-novinarite-i-policijata-26042022-1.pdf

**Дали државните институции соработуваат со организациите на новинарите во однос на нивните безбедносни прашања? Дали државните институции се воздржуваат од одобрување или промовирање закани врз новинарите?**

Во март 2022 година, ЗНМ и канцеларијата на Советот на Европа одржаа семинар на тема „Подобрување на соработката меѓу новинар(к)ите и полициските органи со цел поголема отчетност и транспарентност", на кој учествуваа новинари и претставници на Министерството за внатрешни работи што работат во доменот на односи со јавноста. Овој настан им даде можност на новинарите, припадниците на МВР и на другите медиумски актери да разговараат на теми што имаат за цел продлабочување на соработката при размена на информации од јавен карактер. Претставници на ЗНМ, заедно со координаторот на регионалниот центар во Тетово и координаторот на секцијата на сниматели од полошкиот регион, одржаа средба со Тони Ангеловски, помошник-министер за односи со јавност при Министерството за внатрешни работи, каде што договорија дека интензивно ќе работат за тековните предизвици со кои се соочуваат колегите новинари и сниматели од тетовскиот регион, со конкретни примери, како и за конструктивни решенија за нивно надминување. Исто така, тема на дискусија беше подобрувањето и олеснувањето на условите за работа на новинарите и снимателите при покривање настани организирани во тетовскиот регион, посебно за настани што подразбираат официјални посети на градот Тетово, во кои има посебни протоколи за обезбедување. Ангеловски најави дека во текот на следниот период ќе се организира средба со раководството на СВР Тетово, каде што ќе бидат поканети сите засегнати медиумски работници. На средбата ќе се разговара отворено за сите аспекти поврзани со комуникацијата и соработката меѓу полицијата и новинарите од овој регион.

**Во случаи на електронски надзор, дали државните институции ја почитуваат слободата на изразување и приватноста? Кој е најскорешен случај на електронски надзор врз новинарите?**

Откако беше актуелна големата афера за прислушувањето во државава во 2015 година, кога стотина новинари беа на списокот за прислушување на тајната полиција, ЗНМ нема сознанија дека во последните две години некој новинар бил изложен на електронско следење од властите. Пред Основниот граѓански суд – Скопје е поднесена тужба од 37 новинари, со која бараат отштета за неовластеното прислушување на нивните комуникации во одреден временски интервал. Новинарите ја тужат Република Северна Македонија, односно Министерството за внатрешни работи и Агенцијата за национална безбедност (АНБ), како правен наследник на некогашната Управа за безбедност и контраразузнавање (УБК), која претходно функционираше во рамки на МВР. Во контекст на овој судски спор, тужителите сè уште чекаат Кривичниот суд да изрече второстепена пресуда за да продолжи граѓанската постапка. Ставот на правните застапници на новинарите за овој случај е дека, без разлика дали во текот на кривичната постапка некој ќе биде осуден, отштета ќе се бара од државата, бидејќи таа сноси одговорност поради тоа што новинарите биле неовластено прислушувани. Тие очекуваат да се докаже дека постоело неовластено прислушување на новинарите и да ѐ се утврди одговорноста на државата.

## В3 Однесувањето на граѓанскиот и кривичниот судски систем кон заканите и насилството врз новинарите

**Дали постојат соодветни оддели во рамки на граѓанските судови што се посветени на истраги и гонење закани и дела на насилство против новинарите?**

Основниот граѓански и кривичен суд во Скопје, на барање на ЗНМ, веќе петта година по ред доставува информација во врска со бројот на предмети во кои новинарите се странка или жртви на напади, но не е во можност да обезбеди подетални информации за фазата на постапување. Образложението е дека новиот систем за водење на предметите (АКМИС) се заснова на кодови, а не на имиња и на професии на странките. Бројот на предмети во 2022 година, според Основниот граѓански суд во Скопје, заклучно со 10 август 2022 година, бил вкупно педесет и четири, за делата клевета и навреда, во кои како странка се јавува новинар, медиумски работник или медиум.

**Дали јавниот обвинител или Министерството за внатрешни работи издвојуваат соодветни ресурси за спроведување истраги што се однесуваат на закани и дела на насилство против новинарите?**

Во мај оваа година беше одржана средба на претседателот на ЗНМ, заедно со директорот на ЗНМ,

Драган Секуловски, со шефот на Скопското јавно обвинителство, Гаврил Бубевски, на која истакнаа дека од исклучителна важност за унапредување на заедничката соработка и комуникација е формирање ново одделение во рамки на ОЈО, кое ќе биде задолжено само за постапување по предметите што се однесуваат на повреда на правата на новинарите и на медиумските работници, на нивната безбедност, како и на експлицитниот говор на омраза кон нив. Шефот на Скопското обвинителство, Гаврил Бубевски го истакна своето задоволство дека овие конструктивни предлози од страна на еснафските здруженија се прифатливи и во идниот период како институција ќе се обидат во брзо време позитивно да одговорат на барањата на ЗНМ.

Во септември 2022 година, од страна на Основното јавно обвинителство ја номинираше обвинителката Искра Хаџи Василева за надлежна обвинителка, кој а ќе го следи постапувањето во предметите во кои се нападнати новинари, во кои тие се оштетени, сведоци или се пријавени во врска со извршувањето на своите работни задачи. Се работи за отворена линија во Јавното обвинителство, на која кај Хаџи Василева може да се јават новинари, во врска со постапките за физички напади и насилство, како и за сериозни закани по животот на Твитер, Фејсбук, Ватсап или по имејл. Тенденција на Јавното обвинителство на РСМ е по доекипирањето на обвинителствата, обвинители за заштита на новинари да се назначат и во други градови од внатрешноста.

Според податоците што ги достави Јавното обвинителство до Здружението, од 2014 година до денес, таму се евидентирани 24 посериозни физички напади врз новинари, а само 4 се решени со правосилна пресуда во корист на новинарите, на штета на напаѓачите. Не е бројката огромна како што била во 2016 и во 2017 година, но трендот во последните три години е дека повеќето закани по животот на новинарите се случуваат онлајн, но има и физички напади.

На списокот има 79 сериозни инциденти за повреда на права на новинарите, и тоа не само за закани по безбедноста, по животот на новинарите, туку и за други сериозни повреда на нивните права. Поблагите закани и форми на притисок од јавни функционери, политичари, бизнисмени се многубројни и се исто толку загрижувачки. Од обвинителството се бара да расветли што побргу и што повеќе од тие незавршени истраги, со оглед на фактот дека досегашната негова незаинтересираност, многу од новинарите одврати да пријават закани и напади кон нив.

На 2 ноември – Меѓународниот ден за прекинување на неказнивоста на злосторствата против новинарите, ЗНМ заедно со ССНМ одржа прес-конференција пред Собранието на РСМ, на која побара од политичките партии веднаш да ги усвојат амандманите на Кривичниот законик, кои веќе година и половина се со нерешен статус во Собранието, со што ќе се зголеми безбедноста на новинарите и на медиумските работници.

## Дали се обезбедуваат соодветни мерки за заштита на новинарите во случаи кога е потребно, како одговор на веројатни закани врз нивната физичка безбедност?

Новинарите, иако се соочуваат со страв, генерално, не сакаат да имаат физичко обезбедување бидејќи тоа може да влијае врз нивната слободна работа и обезбедувањето нови информации. ЗНМ и оваа година не бележи случаи на физичко обезбедување од МВР за одделни новинари.

## Дали истрагите за кривичните дела врз новинарите, кои вклучуваат заплашувања и закани, се навремени, независни и ефикасни?

Сѐ уште постои перцепција кај новинарите дека кога се работи за случаи во кои како странка се јавуваат тие и медиумски работници, сѐ уште нема доволна заинтересираност и соработка меѓу органите за прогон, како што се МВР и ОЈО. Ваквата ситуација ги обесхрабрува новинарите да ги пријавуваат нападите. Како потврда за оваа перцепција е и тоа што голем број од случаите во кои се нападнати новинари, сѐ уште многу тешко стигнуваат до судска разрешница. Во 2022 година забележани се неколку посериозни напади, односно од регистрирани вкупно седум напади врз новинари и медиумски работници, се бележи еден позитивен пример на расчистување на кривично-правен настан. Се работи за случајот со Невриј Адеми од Тетово, кој беше нападнат од лице со секира и за обвинетиот напаѓач веќе има осудителна пресуда од страна на Основниот суд Гостивар.

Оваа ситуација говори дека е потребен посериозен пристап од институциите за решавање на предметите, во кој како странка се јавува новинар или медиумски работник. Засилената соработка на институциите, како и проактивноста се значајни фактори за враќање на довербата во нив, како и поддршка кон новинарите за пријавување на заканите со кои секојдневно се соочуваат.

*Табела 3. Преглед на посериозни случаи на закани и напади врз новинари во изминатите 5 години*

| Година<br>Случај | 2018. | 2019. | 2020. | 2021. | 2022. |
|---|---|---|---|---|---|
| **Новинарска екипа на МИА**<br>Напад на новинарска екипа при известување од протест и обид за одземање опрема | | | | Обид за одземање на опремата и турканици, при што снимателот бил турнат, а неговата опрема оштетена. Нападот е од страна на граѓани, поднесена е пријава во МВР за нападот, нема разрешница. | Од страна на МВР нема обезбедено податоци за напаѓачите за ОЈО Скопје да може кривично-правно да интервенира. |
| **Новинарски екипи од медиумите Без цензура, ТВ 21, Газета експрес, Тетова Сот , Коха ТВ, Коха њуз, Куманова сот, ТВ Шења и Лајми прес.** | | | | Закани по живот и напад врз медиуми и закани кон новинарите. Случајот е пријавен во МВР, кое достави известување до ЗНМ дека е поднесена кривична пријава против лицето, се чека на ЈО да постапи по пријавата. | Поднесена кривична пријава, се постапува во рамките на предистражна постапка за проверка на наводите |
| **Новинарска екипа на ТВ 21**<br>По снимениот ТВ прилог за поплаките на жителите на Општина Арачиново за лошата инфраструктура, роднини на градоначалничката Миликије Халими упатиле вербални закани дека ќе им ја искршат камерата и барале снимките да бидат избришани. | | Случајот не беше пријавен во полиција, но ЗНМ, во неколку наврати, ги повикуваше полицијата и Јавното обвинителство да отворат истрага. Сепак, Обвинителството одлучи да не постапува по допрен глас. | | | Нема доволно податоци за пребарување во системот |
| **Насер Селмани**<br>Новинарот и тогашен претседател на ЗНМ примил порака со смртни закани од Бејтула Асани, брат на Бекир Асани, кој е поврзан со владејачката политичка партија ДУИ. | Случајот е пријавен во полиција, а обвинителството има отворено истрага. Досега се повикани да дадат исказ и Насер Селмани и заканувачот. | Случајот е во тек пред Основното јавно обвинителство. | | | Испитани се пријавениот Бејтула Асани и оштетениот Насер Селмани и доставено е барање за доставување податоци до социјалната мрежа Фејсбук |
| **Арманд Брахо**<br>Насилници од редовите на партијата Алијанса за Албанците го нападнале новинарот Арманд Брахо за време на конференција, на која тој бил уредно поканет. | Случајот е пријавен во полиција. Судот ги казни напаѓачите со парична казна. | | | | Во електронската евиденција на Јавното обвинителство не постои евидентиран настан |

| Година<br>Случај | 2018. | 2019. | 2020. | 2021. | 2022. |
|---|---|---|---|---|---|
| **Група новинари**<br>Повеќе новинари и медиумски работници беа нападнати од толпата што насилно влезе во Парламентот на 27.4.2017 година. | Обвинителството ги гони лицата што нападнаа политичари, а не ги гони лицата што нападнаа новинари и медиумски работници. | Адвокатите на ЗНМ застапуваат 7 новинари и во нивно име ќе поднесат 4 тужби од кои 3 се поединечни и една е групна за тројца новинари. | | Адвокатите на ЗНМ чекаат второстепена пресуда од Кривичен суд за да продолжи граѓанската постапка. | Во електронската евиденција на Основното јавно обвинителство Скопје не постои евидентиран настан, ниту информација дека сторителот/ите се идентификувани |
| **Владимир Желчески и Александар Тодоров**<br>Двајцата новинари, известувајќи на големиот протест „За заедничка Македонија“, биле физички нападнати од непознати лица – учесници на протестот, бидејќи не припаѓале на провладин медиум. Биле удирани повеќепати поради што претрпеле телесни повреди по што биле задржани во болница 24 часа. | Судот изрече казна затвор од 6 месеци за напаѓачите. | | | | ОБВИНИТЕЛЕН ПРЕДЛОГ предлог за кривично дело – Насилство од чл.386 ст.3 в.в ст.1 од Кривичниот законик. ПРЕСУДА на Основниот кривичен суд К.бр.631/18 од 7.9.2018 година, со која е осуден на казна затвор во траење од 6 месеци. Пресудата е потврдена со пресуда на Апелациониот суд Скопје КЖ бр.10/19 од 6.2.2019 година |
| **Мери Јордановска**<br>Емил Јакимовски упатил закани и навреди кон новинарката и заменик-уредничка на порталот А1он, Мери Јордановска. Според пораките што ги објави Јордановска, заканувачот со погрдни зборови ја навредувал притоа заканувајќи ѝ се дека „ќе ја искреира на некролог“. | | | Обвинителен предлог за кривично дело загрозување на сигурноста, за заканувачките пораки упатени преку социјалната мрежа Телеграм. Пресуда К. бр. 212/20 од 16.3.2020 година, со која е осуден на казна затвор во траење од 1 година и 8 месеци. Против пресудата е поднесена жалба, но жалбата е одбиена и пресудата е потврдена од второстепениот суд. | | ОБВИНИТЕЛЕН ПРЕДЛОГ предлог за кривично дело -Насилство од чл.386 ст.3 в.в ст.1 од Кривичниот законик. ПРЕСУДА на Основниот кривичен суд К.бр.631/18 од 7.9.2018 година, со која е осуден на казна затвор во траење од 6 месеци. Пресудата е потврдена со пресуда на Апелациониот суд Скопје КЖ бр.10/19 од 6.2.2019 година. |

Малиот број на целосно расчистени предмети на напади врз новинари и фактот на неказнивоста на извршителите е многу загрижувачки. Помалку од 10 проценти од регистрираните предмети на повреди на правата на новинарите што се наоѓаат во регистарот на напади на ЗНМ за последните пет години дочекуваат судска разрешница.

*За нападот со секира кон новинарот Неврij Адеми од Гостивар, кој се случи на 16 февруари 2022 година, веќе има судска разрешница, откако Основниот суд Гостивар донесе осудителна пресуда и условна казна од три месеци казна затвор за напаѓачот.*

ЗНМ и во оваа 2022 година на средбите со МВР, но и во јавните реакции, постојано инсистира на побрзи и поефикасни истраги на нападите врз новинари, како и за подобрување на условите за работа на новинарите и медиумските работници кога известуваат од просториите на оваа институција.

По укажувањата од страна на ЗНМ за потребата од евидентирање на нападите врз новинари и медиумски работници, Министерството за внатрешни работи почна да води евиденција за нападите, која не е јавно достапна, но на претходно барање на ЗНМ, таа се доставува за интерни потреби на канцеларијата на Здружението. ЗНМ со Народниот правобранител, во мај 2019 година потпиша Меморандум за соработка, преку кој двете институции се заложија да работат активно во иднина на теми поврзани со безбедноста на новинарите. И покрај овој меморандум, конкретни активности меѓу ЗНМ и Народниот правобранител во 2022 година не се случија, а правата на новинарите, како и правото за слободата на изразување, не се дел од годишниот извештај за човекови права на оваа институција.

Нападите врз новинарите се нотирани и во меѓународните извештаи, во кои се мери нивото на демократија и слободата на изразување во Македонија. Во извештајот на Европската комисија за напредокот на земјава за 2021 година се вели дека Министерството за внатрешни работи евидентирало осум случаи на напади врз новинар, а десет во 2020 година. Европската комисија наведува дека постојната законска рамка и посветеноста на меѓународните стандарди обезбедуваат доволно механизми за институциите да ги казнат сторителите, истото на терен не е видливо и се забележува недоволно брза и ефикасна постапка. Европската комисија заклучува дека политичарите од сите нивоа на своето владеење и јавните функционери треба постојано да даваат пример за високи стандарди за почитување на слободата на медиумите во своите интеракции со новинарите.

## Дали државата обезбедува соодветна обука за полицијата, обвинителите, адвокатите и судиите во однос на заштитата на слободата на изразување и новинарите? Дали ги организираат овие обуки во соработка со новинарските здруженија?

Здружението, во соработка со Советот на Европа, како дел од заедничките активности организираше семинар на тема „Подобрување на соработката меѓу новинарите и полициските органи со цел поголема отчетност и транспарентност“, каде што учествуваа новинари, како и претставници на Министерството за внатрешни работи, кои работат во доменот на односи со јавноста. Целта на настанот беше продлабочување на соработката меѓу новинарите, припадниците на МВР и другите медиумски актери при размената на информации од јавен карактер. Заклучоците што произлегоа од настанот беа дека од основно значење е користењето на полицискиот билтен, каде што ги има основните информации потребни за информирање на јавноста. Но, доколку новинарот има потреба од подетални информации, во тој случај службите на МВР, во рамки на своите можности, ќе ја обезбедат информацијата. На настанот беше презентирана и публикацијата насловена „Подобрување на соработката меѓу новинарите и полициските органи со цел поголема отчетност и транспарентност“.[68] Како дел од добрата соработка и споделување искуства е изработената студија насловена „Ставови и перцепции на новинарите за транспарентноста на правосудството во Северна Македонија“, во издание на ЗНМ, чија промоција беше во септември 2022 година, во Кривичниот суд во Скопје[69]. Овој настан поттикна дискусија меѓу засегнатите страни, како и надеж и желба во иднина за подлабока соработка и решавање на проблемите и постојаните пречки на патот што го отежнуваат процесот на работа на новинарите, од една страна, како и обвинителите и судиите, од друга страна.

68 *Ибид.*
69 *ЗНМ, ,Соопштение до јавоста „Конференција на тема: Транспарентно правосудство за професионални новинари“ 29.9.2022. Пристапено на 18.12.2022. https://bit.ly/3HQERVB*

# Заклучоци и препораки

## ЗАКЛУЧОЦИ

Кон крајот на 2022 година, измените и дополнувањата на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда беа изгласани од страна на пратениците во Собранието. Измените и дополнувањата на Кривичниот закон, во поглед на поголема заштита на новинарите и медиумските работници, не се случи ниту во 2022 година, иако Министерството за правда најави дека во подготовка е нов нацрт-закон, кој треба да се достави до владата за да се разгледува во натамошна постапка за да дојде до собраниска процедура пред пратениците во парламентот. И покрај најавата за нов Кривичен законик, амандманите со кои се гарантира поголема заштита на новинарите се најавени да се усвојат во текот на 2023 година.

Важно е да се напомене дека по неколкугодишно инсистирање на ЗНМ, Основното јавно обвинителство Скопје, во октомври 2022 година ја назначи Искра Хаџи Василева, јавната обвинителка од истата институција, како лице за контакт во врска со предметите поврзани со безбедноста на новинарите, кои се во надлежност на Основното јавно обвинителство Скопје.

Прашањето што загрижува од аспект на заштитата на политичкиот плурализам е платеното политичко огласување, кое не е експлицитно забрането во период надвор од избори, а за време на изборна кампања се покрива со средства од Буџетот. Ставот на ЗНМ е дека платеното политичко огласување во медиумите треба да се укине во кој било период бидејќи на тој начин се „поткупуваат“ соп-

ствениците на медиумите, а оваа практика има негативно влијание врз уредувачката политика на медиумите и се „изместува“ и балансот на спротивставени гледишта во јавната сфера. ЗНМ беше против и за евентуалните измени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со кои би било дозволено огласување на јавните институции во аудиовизуелните медиуми. ЗНМ конструктивно инсистира на создавање Фонд за слободни медиуми, преку кој ќе се поддржуваат проекти од јавен интерес, за новинарски продукти, преку кој ќе се овозможи финансирање проекти за истражувачко, аналитичко новинарство, за документарна, образовна и едукативна содржина. На овој начин, најпрактично би се помогнало новинарството, а ќе се влијае и врз подобрувањето на примањата на новинарите и медиумските работници. Вака би се избегнало враќање на состојбата во медиумската индустрија на нивото од пред пет години, кога со државни средства, на нетранспарентен начин беа плаќани астрономски суми во медиумите без никакви критериуми. Реформите на јавниот радиодифузен сервис речиси не се ни почнати, а финансиската независност и одржливост на јавниот радиодифузер остануваат отворено прашање, а МРТ во 2022 година бележи уште помал буџет споредбено со претходните години.

Општа оценка е дека во 2022 година, социо-економската положба на новинарите не беше значително подобрена, споредбено со изминатите години, кога големо влијание имаше пандемијата и здравствената криза, односно поради намалувањето на приходите од огласување во целиот медиумски сектор, иако во одредени медиуми има минимално покачување на месечните примања на медиумските работници. Работниот статус на многу новинари, особено во приватните медиуми е несигурен, бидејќи новинарите главно имаат договори на определено време или хонорарни договори, на дел од нив не им се исплаќа надоместокот за пензиско и социјално осигурување, примањата им се ниски, а не им се почитуваат и другите работни права. Поради тоа, новинарите се многу поранливи на притисоци, како од менаџерските структури, така и од сопствениците и од политичарите. Притисоците најчесто се скриени и малку видливи, новинарите се воздржуваат од отворено говорење за овие појави и ретко пријавуваат кога им се прекршуваат основните права. Иако се оценува дека новинарите во редакциите генерално имаат поголема слобода, сепак има многу влијанија врз секојдневното работење, кои не се толку видливи, односно има повеќе самоцензура отколку директни притисоци. Најлоша е позицијата на новинарите во локалните и во регионалните медиуми, поради тоа што овие медиуми се во лоша финансиска состојба, а освен тоа во малите средини, локалните моќници можат полесно да вршат притисок. Работниот статус и положбата на новинарките во редакциите не се разликува многу од онаа на нивните колеги новинари, со исклучок на тоа што на раководните позиции во медиумите има помалку жени.

Во 2022 година, бројот на напади кон новинари беше зголемен. Но, иако бројот на вербални и физички закани генерално споредбено со изминатите 10 години се намалува, загрижува фактот што новинарите и медиумските професионалци се сè почесто предмет на закани и малтретирања на социјалните мрежи, од кои дел беа сериозни закани по физичката безбедност на новинарите што работат на истражувања на корупција и други негативни општествени појави. Важно е да се одбележи дека во декември 2021 година беше донесена судска пресуда во корист на ЗНМ за онлајн-закана кон сите новинари напишана на фејсбук-страницата на ЗНМ. Ова е прв пример обвинителството и судот да истражат и да санкционираат сериозна онлајн-закана изречена кон новинари. Друг пример што дава позитивно светло е брзата истрага, која заврши со судска пресуда за нападот во февруари на Невриј Адеми од Тетово, но ова е само еден позитивен пример што може да се истакне. Неказнивоста сè уште е голем проблем, бидејќи надлежните институции недоволно соработуваат и ретко кога покренуваат обвинителни акти кон сторителите на закани или напади, а во случаите кога се покренати истраги, се водат бавно и неефикасно. Особено загрижува говорот на омраза и етикетирањето новинари и медиумски работници од страна на политичари и други носители на јавни функции, како и трендот на удвојување на бројот на судските постапки за клевета и навреда споредбено со минатата година. Покрај тоа, надлежните институции и судовите сè уште не водат доволно ажурна евиденција за заканите и нападите врз новинари, ниту, пак, ги објавуваат ваквите податоци. Сепак, позитивно е што надлежните институции се отворени за соработка со ЗНМ и низ заедничките консултации покажуваат подготвеност да се работи на подобрување на безбедноста на новинарите и медиумските работници преку поажурно преземање мерки и гонење на сторителите на напади и закани.

## ПРЕПОРАКИ

Законски интервенции и подобрување на имплементацијата на законите:

- Спроведување на постапката на избор на членови на Советот на АВМУ и Програмскиот совет на МРТ од страна на Собранието на РСМ.

Постапката треба да биде спроведена на транспарентен начин, со јавно сослушување на сите кандидати, а притоа треба да се задржи принципот на двотретинско мнозинство при одлучувањето на Собранието.

- Потребна е анализа на одредбите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на други релевантни закони од аспект на подобрување на финансиската состојба на приватните медиуми и воведување механизми за даночно олеснување и слични бенефиции за медиумите.
- Потребно е итно да се отвори дебата за евентуално формирање фонд за медиумите, особено за целите и критериумите на финансиската поддршка (поттикнување програмска разновидност, подобрување на статусот на новинарите и др.), начинот на распределба на средствата, независноста и објективноста во спроведувањето на постапката.
- Потребни се измени и дополнувања на Изборниот законик, со кои ќе се поедностават правилата за медиумската кампања и ќе се намали можноста од злоупотреба на платеното политичко огласување во приватните медиуми.
- Иницирање измена и дополнување на Етичкиот кодекс на новинарите во јавниот сервис МРТ за зајакнување на внатрешната саморегулација во овој медиум.

Зајакнување на безбедноста на новинарите:

- Изгласување во Собранието на измените и дополнувањата на Кривичниот законик во две насоки: 1) Измена и дополнување на одредбите со кои се дефинира говорот на омраза во согласност со праксата на ЕСЧП, и 2) Измена и дополнување во делот на овластувањата на ОЈО за постапување по службена должност при напад на новинар и/или медиумски работник, како и предвидување повисоки казни за престапниците.
- Воспоставување посебни регистри за случаи на тужби против новинари, во рамки на основните граѓански и кривични судови, вклучувајќи го и ОЈО.
- Ефикасно имплементирање на законите за подобра безбедност на новинарите и медиумските работници.
- Континуиран процес во градењето на капацитетите на новинари, адвокати, судии и обвинители на теми поврзани со санкционирањето на нападите врз новинари, и општо толкувањето на член 10 од ЕСЧП.
- Подобрување на соработката со новоизбраните претставници на Собранието на РСМ на теми поврзани со слободата на изразување и медиумските политики.
- Продолжување на лобирањето на ЗНМ за воведување протоколи и унапредување на внатрешните процедури во институциите, со цел превенирање на насилството кон новинарите и негово ефикасно санкционирање.
- Со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, да се унапреди соработката со Народниот правобранител.

Подобрување на работничките права на новинарите:

- Продолжување на напорите на ССНМ, со поддршка на ЗНМ, во потпишувањето нови колективни договори со приватните медиуми.
- Спроведување кампањи и обуки, преку кои новинарите и медиумите би се запознале повеќе со своите основни работнички права.
- Да продолжи обезбедувањето правна помош и советодавни услуги на новинари и медиумски работници од страна на еснафските новинарски здруженија.
- Интензивирање на соработката и дијалогот со институциите во интерес на заштитата на работничките права на новинарите и медиумските работници.

